МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН”

СВЕТИ НИКОЛЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ВО ОБЛАСТА НА ПСИХОЛОГИЈА

ПСИХОЛОГИЈА ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ТЕМА:

„МЕЃУВРСНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА И ВЛИЈАНИЕТО НА РОДИТЕЛИТЕ ВРЗ ДЕЦАТА ДЕЛИКВЕНТИ”

Ментор:

проф.д-р Слаѓана Ангелкоска

Студент:

Даниела Брдарова

Индекс бр.М234002

Свети Николе, 2025

Содржина

Апстракт..... 4

Вовед..... 5

ПРВ ДЕЛ

1.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ НА ПРОЕКТОТ

1.1.ДЕФИНИРАЊЕ НА СООДВЕТНИОТ ПРОБЛЕМ И ОСНОВНИ ПОИМИ..... 7

1.2.Возраста на малолетната личност..... 9

1.3. Карактеристики и класификацијана малолетничката деликвенција

според видот и степенот..... 11

1.4 Причини и фактори кои влијаат врз појавата на меѓуврсничката

деликвенција..... 14

2. Влијанието на семејството врз малолетничката деликвенција.... 23

2.1. Вклучување на семејството во општествени активности..... 28

3. Психолошки и биолошки фактори кои влијааат врз развојот на малолетничката деликвенција..... 29

4. Социјални фактори кои влијаат врз развојот на малолетничката деликвенција..32

5. Влијанието на врсниците..... 34

6. Влијание на училиштето..... 36

7. Медиумите и влијанието на малолетничката деликвенција..... 37

8. ПРЕВЕНЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА..40

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ..... 48

ВТОР ДЕЛ

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1.ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ОДНОСНО ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ..... 53

2.2. ЦЕЛИ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....54

2.3 . ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....55

2.4. ХИПОТЕЗИ.....

2.5.ВАРИЈАБЛИ.....

2.6.МЕТОДИ ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ..... 57

2.7.ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК..... 58

2.8.СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ.....

2.9.ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....

ТРЕТ ДЕЛ

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.1 АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНСТРУМЕНТИТЕ 59

ЧЕТВРТ ДЕЛ

ЗАКЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗИТЕ..... 83

ПРЕПОРАКИ..... 90

ЛИТЕРАТУРА.....93

ПРИЛОЗИ.....95

Апстракт

Неприфатливото однесување на младата популација од секогаш привлекувала посебно внимание во сите општества. Оваа појава кај младите е присутна уште многу одамна, Малолетничката деликвенција претставува комплексен социјално-психолошки феномен кој се манифестира преку криминални или асоцијални активности кај лица под полнолетство. Овој проблем е мултидимензионален и се корени во интеракцијата на различни фактори, вклучувајќи ги општествените, економските, образовните и семејните детерминанти. Современите истражувања укажуваат дека семејството игра клучна улога во формирањето на личноста и однесувањето на адолесцентите, при што несоодветните родителски практики, нарушените семејни односи и недостатокот на емоционална поддршка се значајни предиктори за развојот на девијантно однесување.

Главната цел на овој труд е да ги истражи факторите кои придонесуваат за појавата на малолетничка деликвенција, со посебен фокус на: Влијанието на семејната средина – Воспитните методи, структурата на семејството (нуклеарно vs. пошироко семејство) и квалитетот на меѓучовечките односи. Родовите и културолошките разлики – споредбена анализа на македонските и турските адолесценти во контекст на агресијата и врсничките интеракции. Улогата на училишната средина и меѓуврсничката интеракција – зголемената распространетост на булингот и неговиот ефект врз ескалацијата на антисоцијалното однесување како и превентивни мерки за спречување на ваквото неприфатливо однесување, да се направи развој на превентивни програми во училиштата, фокусирани на емоционална интелигенција и ненасилна комуникација. Интервенции насочени кон семејствата, особено во мултиетничките заедници, вклучувајќи билингвални родителски работилници. Политики за рана интервенција кои ги надминуваат институционалните бариери преку меѓусекторска соработка (образование, социјални служби, локални власти).

Abstract

The unacceptable behavior of the young population has always attracted special attention in all societies. This phenomenon among youth has been present for a long time. Juvenile delinquency represents a complex socio-psychological phenomenon that manifests through criminal or antisocial activities among individuals under the age of majority. This issue is multidimensional and rooted in the interaction of various factors, including social, economic, educational, and familial determinants. Contemporary research indicates that the family plays a crucial role in shaping the personality and behavior of adolescents, where inappropriate parenting practices, disturbed family relationships, and a lack of emotional support are significant predictors of the development of deviant behavior.
The main objective of this paper is to explore the factors that contribute to the emergence of juvenile delinquency, with a special focus on: The influence of the family environment – parenting methods, the structure of the family (nuclear vs. extended family), and the quality of interpersonal relationships. Gender and cultural differences – a comparative analysis of Macedonian and Turkish adolescents in the context of aggression and peer interactions. The role of the school environment and peer interaction – the increasing prevalence of bullying and its effect on the escalation of antisocial behavior.As well as preventive measures to counter such unacceptable behavior, including: The development of school-based prevention programs focused on emotional intelligence and non-violent communication. Interventions targeting families, especially in multiethnic communities, including bilingual parental workshops. Early intervention policies that overcome institutional barriers through cross-sectoral cooperation (education, social services, local authoritie

ВОВЕД

Деликвентното однесување на младите , преминот од детство во зрела личност во се покомлексен и брз начин на живот се презентирани во некои основни претпоставки во врска со деликвентното однесување, под влијание на различни фактори, кои можат да придонесат да настане овој феномен.

Од многуте истражувања, нема доволно информации врз кои би можело да се темелат некои дефинитивни заклучоци. Нема информација и за важните работи како што се: вината и мотивите како и возраста кога луѓето стануваат правно одговорни за своето однесување . Но, затоа постојат голем број на истражувања во кои се даваат различни дефиниции за малолетничката деликвенција . Општо, малолетничката деликвенција може да се дефинира како секое престапно дело што може да биде сторено , а не одговара на правните и општествените норми во одредена земја.

Од досегашните истражувања за појавата на деликвентното однесување кај децата, влијаат повеќе фактори како што се: биолошкиот фактор, психолошкиот фактор, врсниците, општествената средина , семејството , училиштето како образовно-воспитна институција итн. Секое однесување на детето т.е секоја грешка направена од детето што не одговара според општествената норма и вредности, претставува прекршок кој и го дефинира однесувањето на детето. Како прекршочни норми можат да бидат: бегање од часови, повторувачко непочитување или злоупотреба на законскиот родителски авторитет, повторувачко бегање од дома, деликвентни дела сторени од страна на малолетни лица помлади од 10 години или малолетни лица до 14 години.

Децата кои се изложени на ризик да станат деликвенти, често живеат во тешки опкружувања и околности. Детската деликвенција се јавува од различни причини - вклучувајќи го и родителскиот алкохолизам, сиромаштијата, домашните услови, распад на семејства настаната од различни причини, се еден од причинителите за појава на ваквото несоодветно однесување на малолетните лица , а подоцна и во возрасни деликвентни личности.

Проблемот со малолетничката деликвенција е се покомплициран , затоа се воведуваат различни програми како би го спречиле и се справиле со сегашната реалност која за жал е во се поголем пораст. Асоцијалното однесување на детето може да биде нормален дел од растењето кај детето или почеток на долготраен модел за понатамошното однесување.

Според истражувањето на Ријад , малолетничкото однесување, односно однесувањето кое не е во согласност со севкупните општествени норми и вредности често се дел од процесот на созревање и раст , но имаат тенденција и да исчезнат спонтано кај повеќето

поединци во транзицијата на зрела личност . Многу млади луѓе во одреден период на нивниот младешки живот праваат некаков ситен прекршок, без тоа долготрајно да се одрази на нивниот понатамошен развој. Но, сепак постојат и млади кои почнуваат да се вклучуваат во активни возрасни криминални групи , всушност избирајќи ги деликвентните кариери.

Статистичките податоци од многу земји всушност покажуваат дека деликвенцијата во голема мера е групна појава, што значи дека дел од малолетничките прекршоци се поврзани со членови поврзани со групи. Групите на малолетните врсници се познати по нивната хиерархиска организација и одреден кодекс на однесување кое е вон вредностите и искуствата на возрасните лица. Според статистичките податоци деликвентните лица вршат три пати повеќе кривични дела од малолетниците и младите кои не се членови на одредени банди. Како што беше спомнато претходно , во голем дел од групната малолетничка деликвенција се всушност влезна точка на организираниот криминал подоцна и во зрела личност. Исто така постојат и многу истражувања во врска со полот кон појавата на деликвенцијата. Од многуте полициски досијеа статистичките стапки покажуваат дека стапките на криминал кај малолетните машки лица се повеќе од двојно застапени за разлика од женските лица. Причините за ваквата појава е тоа што голем број на млади мажи за разлика од млади жени се вклучени во насилничко или криминално однесување. Исто така различните стимулативни фактори ги потикнуваат жените да се усогласат со општествените норми кои пак фактори не важат и за мажите . Еден пример е стравот од сексуален напад. Девојчињата имаат посилна семејна контрола отколку момчињата . Дополнително агресијата и насилството играат важна улога во изградба на машкост, посебно во патријахалните семејства. Но, сепак и за момчињата и за девојчињата, уличната банда е идеална за кодексот на нивното однесување.

ПРВ ДЕЛ

1.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ НА ПРОБЛЕМОТ

1.1 ДЕФИНИЦИЈА ЗА МЕЃУВРСНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Деликвент е лице кое ја прекршува законската норма или општествените правила на однесување, односно извршува деликт — прекршување или кривично дело. Во контекст на криминологијата, терминот најчесто се однесува на лица кои учествуваат во криминално однесување.

Малолетничка деликвенција претставува извршување на деликвентни, односно кривични или прекршувачки дела од лица кои не ја достигнале полнолетноста, односно малолетници. Тоа се активности што се спротивни на законот и нормите на општеството, а ги прават млади лица обично под 18 години. Малолетничката деликвенција опфаќа широк спектар на однесувања, од помали прекршоци како кражба или уништување имот, до посериозни кривични дела.

Малолетничката или меѓуврсничка деликвенција можеме да ја дефинираме како ,, Незаконско однесување од страна на малолетното лице што претставува одраз на континуирана улога на деликвент и кое поради несоодветното однесување општеството го смета престапникот за сериозно деликвентно лице. Голем дел од малолетничката деликвенција се смета за релевантно тривијални престапнички дела врз основа на статус како што се бегање од дома, постојано бегање од часови, кршење на полициски часови, инволвираност на младите во тешки кривични дела против лица и против имот. Малолетничката деликвенција се квалификува како општествен проблем на целата земја. Со други зборови, како да го објасниме сериозно девијантно и асоцијално однесување од страна на младите ? Проучувајчи ја етилогијата – причините за одредено однесување , настан или феномен, голем број на експерти од многубројни дисциплини што применувале многубројни пристапи и методологии, се обиделе да ги издвојат причинско-последичните теории и да објаснат зошто некои малолетници стануваат деликвенти. Според истражувањата, забележано е дека има варирања кај соодветноста на овие теории. Но, сепак основната причина на сите оние што се занимаваат со социолошките истражувања, сметаат дека деликвенцијата и повеќето други однесувања на човекот настануваат како резултат на оние групирања, интеракции и релации меѓу младите што се дел од општествениот контекст и опкружувањето на поединците. Деликвентното однесување претставува надворешен симптом на некое внатрешно психопаталошко нарушување, всушност е главна поента на психолошката теорија и дебата меѓу многубројни научници што го проучуваат општеството. Оваа психогена тема се демонстрира во *Прирачникот за дијагноза и за статистика на менталните нарушувања (DSM-IV-R) на Американската асоцијација на психијатри (* 2000 г) Во прирачникот за поимот однесување се користи да се опише

однесувањето на адолесцентите кај кои се манифестираат повторувачки модел на постапки со што се кршат правата на останатите и главните норми во однос на однесувањето. Младинците со нарушувања во своето однесување обично честопати се вознемирувачки и, честопати имаат заканувачко однесување, кое однесување честопати го манифестираат во одредена општествена средина , а овде може да спаѓа и физичкото малтертирање на врсниците и мамењето при игри или на училиште. Овие адолесценти можат да проектираат имиџ на силина и цврстина , а нивото на нивното самопочитување обично е ниско. Чести карактеристики на овие лица се лутина, ниска толеранција во однос на фрустрациите, иритабилност и неспокојно однесување. Резултатите во училиштата во делот на вештини на читање и во употреба на јазикот , се наоѓаат под нивото на очекувањета за конкретна способност и возраст (Вајт,1992г).

Конкретните критериуми што ги сугерира Американската асоцијација на психијатри за примена од страна на класичните експерти при поставување на дијагноза за нарушување во однесувањето, спаѓаат најмалку три од следните наведени критериуми, во период од шест месеци, а тоа се:

-често бегање од дома;

-бегање од дома двапати или едно бегање од дома без враќање;

-често бегање од часови;

-вандализам и уништување на имот;

-често почнување на физички тепачки;

-провалување и влегување во куќи, автомобили,или во објекти без дозвола од сопствениците на имотот;

-суровост кон животните;

-физичко и психичко насилство кон друга личност и др.

За таквото однесување, доволни се само три карактеристики од наведените за да доведе до деликвенција кај младата личност.

1.2.ВОЗРАСТА НА МАЛОЛЕТНАТА ЛИЧНОСТ

Растењето и созревањето на личноста , е доста динамичен процес. Младоста, всушност е период од животот во кој поединецот се соочува со различни проблеми и задачи кои пред него се поставуваат, воедно е и најинтензивниот когнитивен, психички и емоционален период, кој се одбележува со стекнување на знаења и усвојувања на различни навики, судови, вредности и ставови . Едно од најголемите барања, е изградба на сопствен идентитет и потрага по одговори на безброј неразјаснати прашања . Кај секој млад се јавува потреба од дружење и вклучување во општествениот живот на поширокатa заедница низ групирање на одредени врсници и друштва. Секое вклучување на поединецот во одредено друштво, кое општеството го прифаќа како позитивна група која негува и промовира одредени позитивни вредности, како што е почитувањето на нормите и барањата на поширокатa заедница, тогаш можеме да го идентификуваме тоа како задоволувачко вклучување. Меѓутоа, понекогаш во некои одредени помалку контролирани услови, младите се здружуваат и идентификуваат со девијантни групи, барајќи на себе слични со исти психички и општествени проблеми, а како цел и содржина на нивното дружење , станува насилството, зависноста, различни казниви дела, сето тоа како составен дел на ритуалот на групата. Ваквото вклучување, вродува со појава на девијантно однесување, кое многу често прераснува во деликвентни и казниви дела и станува закана за поширокото општество. Младата личност кога се уште не е доволно развиена станува чувствителна на разните влијанија , кои влијанија можат да го насочат нејзиниот развој кон асоцијално или антисоцијално однесување.

Според мислењето на повеќето психолози , созревањето на личноста всушност опфаќа повеќе фази и тоа: период на детство, пубертет и постпубертетски период . Секоја од фазите всушност е со посебни карактеристики на личноста, имајќи во предвид дека секое дете подеднакво се развива и подеднакво ги поминува хронолошките периоди, бидејќи развојот на сите психички и соматски особини не секогаш се рамномерени. На пр. пубертетот кај девојчињата обично се смета од 11-12 години, додека кај момчињата од 12-14 години. Во овој период , децата обично почнуваат да се осамостојуваат и веќе да ги отфрлуваат авторитетите. Пубертетот како краткотраен период во животот на личноста е мнгу значаен период врз развојот, бидејќи во овој период се претрпуваат многу органски и психички промени под влијание на половите жлезди. Според Хентихг ,, Младоста е битна на три големи физички и ментални кризи како што се: криза на пубертетот, криза на растење и функционалната криза. Како што спомнавме прва е кризата на пубертетот, каде добро познатите соматски промени тесно се поврзани со психичките промани. Спротиставените состојби на духот ја карактеризираат менталната слика. Силниот нагон за лутење е ублажен со болно копнеење за куќата. Инстинктот на самоодржување веднаш е потиснат , некогаш претерано изразен. Постојат големи

склоности за непосредни и целосни решенија на сите решенија на сите проблеми: жестока лојалност према пријателите и омраза према непријателите, непочитување на постоечките авторитети, изразена склоност кон себеистакнување и свртување на вниманието кон себе. Во овој период од животот се јавуваат многу ментални растројства. Пубертетот како органска појава прави мобилизација на сите ментални и телесни слабости на младото суштество до опасни искушенија. Пубертетот како појава , често не завршува пред дваесеттата година од животот. Понекогаш пубертетот продолжува и понатаму да живее во менталните одбележја на вечно дете и покрај долгата борба и староста која предизвикува почит.

Според тоа вистинскиот криминалитет може да биде тесно поврзан со органската агресивност на пубертетот и всушност е симптом на пубертетската криза. Сите овие скокови кај младата личност предизвикува силно чувство на несигурност, почнуваат повеќе да размислуваат на себе и да мечтаат. Малолетникот сака да се идентификува со со возрасен човек во оние дејствија во кои во одреден момент не можел или не смеел да ги прави, а тоа се оние поведенија што се категоризираат како негативни.

Во постпубертетскиот период каде што кај девојчињата се јавува од 16-20 година, додека кај момчињата од 18-24 години, тоа е период каде доаѓа до синхронизирање меѓу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам. Постепено почнува да се признава авторитетот на возрасните луѓе , во прв ред авторитетот на семејството . Со овој процес завршува и созревањето на поединецот.

Покрај биолошкиот аспект за развој на личноста, значаен е и социјалниот аспект на младоста. Се претпоставува дека семејството му е од голема помош на младото суштество кое посебен акцент ќе му ставиме во наредното поглавје во делот на ,,Влијанието на семејството врз развој на малолетничката деликвенција . Развојот на личноста , нејзината социјална и биопсихичка зрелост , покрај староста влијаат и други критериуми. На пример, некои лица порано созреваат од други кои се на иста возраст во зависност од социо-културната клима и индивидуалните карактеристики и услови. При донесувањето на решенијата , теба да се поаѓа од условите што владеат во секоја земја . Најважно е секој случај да се разгледува индивидуално . Со зголемувањето на животниот стандард и напредок на средствата за комуникација , нормално е да се очекува и побрзо созревање и стекнување на нови сознанија. Оттука и старосната граница треба да служи само како еден патоказ за постапување на младите сторители на кривични дела, а поимот малолетници треба да се сфати пошироко, бидејќи сите на одредена возраст не достигнуваат биопсихичка и социјална зрелост.

1.3. КАРАКТЕРИСТИКИ И КЛАСИФИКЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА СПОРЕД ВИДОТ И СТЕПЕНОТ

Малолетничката деликвенција претставува комплексен феномен со различни манифестации, кои можат да се категоризираат според видот на девијантното однесување, демографските одлики на делинквентите и социјално-психолошките фактори што го поттикнуваат. Според видот на малолетничката деликвенција тие се делат на : имотна деликвенција (кражби, вандализам, уништување на туѓа сопственост), насилна деликвенција (физичко насилство, закани, булинг), публична (ненасилна) деликвенција (бегање од дома/училиште, употреба на алкохол/дроги) , киберделиквенција (сајбер-булинг, хакерство, ширење на непристојни содржини).

Класификација според степенот на вклученоста на деликвенцијата таа може да се подели на повеќе категории и тоа : класификација според степенот на вклученост во деликвенција-

(**Експериментални делинквенти)**

Оваа група вклучува млади кои првпат се соочуваат со деликвентно однесување, најчесто во раната адолесценција (12-14 години). Карактеристично за овие индивидуи е дека нивното девијантно однесување е продиктирано од: љубопитност и експериментирање,притисок од врсничка група, желба за стекнување социјална положба, временски ограничени лични кризи;

Според истражувањето на Moffitt (1993), оваа група претставува околу 60-70% од сите малолетни делинквенти. Нивните деликвентни постапки се релативно благи и вклучуваат: проба на алкохол или тутун, мала кражба во продавница, повремено избегнување од училиште.

Критичен фактор за оваа група е што нивното девијантно однесување најчесто е ограничено во времето и не доведува до формирање на трајни девијантни обрасци. Сепак, според Farrington (2003), дури и овие привидно „невини" форми на девијантно однесување можат да претставуваат предиктор за посериозни проблеми доколку не се превенирани навреме.

Повремени (адолесцентно-ограничени) делинквенти

Оваа категорија вклучува млади чие девијантно однесување е поврзано со адолесцентната криза и бунтот против авторитети. Според Arnett (1999), овие индивидуи се карактеризираат со: периодични епизоди на девијантно однесување, поврзаност со

специфични развојни фази, релативно добро социјално прилагодување, способност за саморегулација надвор од деликвентните епизоди . Нивното однесување често вклучува: повремени тепачки, вандализам, употреба на меки дроги, намерно кршење на правилата.

Според теоријата на Arnett за „emerging adulthood", ова однесување најчесто се намалува со достигнувањето на зрелоста, особено кога поединците ги преземаат возрасните улоги и одговорности. Сепак, Sampson и Laub (2005) укажуваат дека преминот кон конформистичко однесување зависи од достапноста на „врските на возрасните" (вработување, стабилни врски, образование).

Хронични (животни-трајни) делинквенти

Оваа група претставува најсериозен предизвик за системот на правда и социјалните служби. Според Moffitt (1993), тие сочинуваат само 5-10% од малолетните делинквенти, но се одговорни за непропорционално голем дел од сериозните кривични дела. Како карактеристики можеме се спомнуваат :ран почеток на девијантно однесување (пред 10-та година), мултипроблематичност (агресија, лаги, кражби), слаба самоконтрола, ограничени социјални вештини, често присутни невролошки нарушувања.

Според Loeber и Farrington (2000), овие поединци често покажуваат „развоен пат" на девијанција:

Фаза на опозиционо одбивно однесување (6-12 години);

Фаза на отворена агресија и кршење на правилата (10-14 години);

Фаза на сериозна и насилна деликвенција (14+ години);

Интересно е што според истражувањето на Lahey et al. (2003), дури 75% од овие поединци продолжуваат со криминално однесување и во возрасен период , што ја нагласува потребата од интензивни рани интервенции.

Класификација според типот на деликвентно однесување- **Имотни делинквенти**

Оваа група ги вклучува младите чии деликвентни активности се насочени кон стекнување материјална корист или уништување на туѓа сопственост. Според Cohen (1955), ова однесување често произлегува од: очај за материјални добра (кражби од продавници, домови), палежи, графити и вандализам, желба за статус меѓу врсниците, одмазднички мотиви.

Според истражувањето на Felson (1998), овие активности често се вршат во групи и се поврзани со специфични „делинквентни можности" во заедницата.-

Насилни делинквенти-

Оваа категорија вклучува млади кои користат физичка или вербална агресија. Според Bandura (1973), ова однесување често се учи преку: набљудување на насилни модели (во семејството, медиумите), искуство на насилство како жртва, поткрепување на агресивното однесување. Овие насилни деликвентинајчесто предизвикуваат училишни тепачки, сајбер- булинг, употреба на оружје, сексуално насилство. Според Olweus (1993), овие поединци често покажуваат: ниска толеранција на фрустрација, намалена способност за емпатија,искривена перцепција за социјални интеракции.

Публични делинквенти

Оваа група ги вклучува младите чие однесување ја нарушува јавната средина и редот. Според Matza (1964), овие активности често се оправдани со: техники на неутрализација („не беше сериозно", „сите го прават тоа"), желба за авантура, бунт против општествените норми. Како деликвентни дела можат да се спомнат : бегање од дома, употреба на дроги на јавни места,намерно пречекорување на сообраќајни правила, деструктивни забави.

Класификација според психосоцијалните карактеристики:

Социјално интегрирани делинквенти-

Овие млади се релативно добро адаптирани во социјалниот контекст, но се вклучуваат во деликвентни активности поради: притисок од група, временски стресни ситуации, желба за експериментирање.

Социјално маргинализирани делинквенти

Оваа група се карактеризира со: слаба социјална припадност,ограничени економски можности, и.сторија на трауми и запоставување

Психопатски делинквенти

Овие поединци покажуваат: отсуство на каење, манипулативност,површни шарм, склонет кон ризик.

. Класификација според културно-општествениот контекст:

традиционално-културни делинквенти, урбани делинквенти, **рурални делинквенти.**

1.4.ПРИЧИНИ И ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПОЈАВА НА МЕЃУВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

Од многуте истражувања причините за појава на меѓуврсничкото насилство можат да зависат од повеќе фактори.

Развојот и тежината на малолетничките престапи зависат од повеќе фактори: економски и културни услови што произлегуваат од една земја. Постојат повеќе докази каде што деликвенцијата е застапена најмногу во сиромашните области на големите градови. Најчесто од случаите се деца на улица кои се имаат соочено со насилство во нивната непосредна социјална средина или жртва на одредено насилно дејствие. Причината за малолетничката деликвенција најчесто се наоѓаат на некое ниво на општествена структура, општествени институции, меѓувснички односи како и семејната средина како значаен причинител за појава на деликвентно поведение.

Семејството и малолетничката деликвенција

Една од најзначајните општествени групи во кои учествуваат малолетниците е семејството. Семејството како фактор има голема улога во формирањето на личноста на детето, бидејќи родителите се тие кои го воспоставуваат првиот социјален контакт со децата . Родителство не се мисли само на биолошки роднини, овде се мисли и на родители на посвоени деца , т.е првата семејна средина на која е изложено детето , а која служи како примарен агенс за социјализација на детето. Улогата на семејството во САД многу се има изменето во изминатите 200 години. Проширеното семејство или големо семејство-нуклеус , кое порано, во аграрното општество, ги исполнувало неопходните економски и општествени функции, , постепено со текот на времето се замени во помало семејство нуклеус. Пошироко семејство се мисли на семејство кое покрај родителите мајка, татко на детето, во семејството живеат бабите и дедовците како и браќата и сестричките заедно со детето. Според голем број истражувачи семејството служи како еден од најзначајните агенси за социјализација на детето, кое

исто така е првиот социјален агенс во кои луѓето се изложени . Првите ставови, вредности и убедувања на детето, најчесто се учат од членовите на семејството. Покрај тоа, првата група за играње , место на живеење , изложеност на религија и најразлични други први искуства , првенствено се учат од самото семејство. Од многуте истражувања се доаѓа до заклучок дека кога децата подолго време се оставаат без надзор, се зголемуваат нивните можности за впуштање во деликвентно однесување . Но ,имаме истражување во кои покажуваат дека доколку вработените родители се свесни за потенцијално-негативниот ефект од тоа двајцата родители да работат надвор од домот и доколку минуваат квалитетно време со своите деца секогаш кога можат, оваа соодветна социјализација може да ги надмине негативните аспекти од временскиот недостиг од надзор на децата. Поврзани со деликвенцијата се покажале неколку значајни променливи во однос на семејството .

Покрај семејството, општествената класа, големината на семејството, редоследот на раѓање , интеракцијата со семејството и родителската дисциплина – кое секое си има свое влијание врз веројатноста дека малолетникот ќе стане деликвент.

Многу податоци укажуваат на тоа дека децата на семејство со еден родител, поголема веројатност има подоцна да се развие во сторител на деликвентни дела. Но, покрај ваквите тврдења, во подоцнешните истражувања се покажало дека можеби е спорна навидум постоечката релација помеѓу растурените домови и деликвенцијата, при што подобро објаснување нуди недостигот од надзор и различниот третман од страна на припадниците на системот за малолетничка правда. Значајното влијание кое семејството го има врз развојот на децата , тоа потенцијално може да има витална улога во спречувањето на деликвенцијата. Соодветната социјализација и развојот на силната општествена врска, се едни од најзначајните димензии од улогата на семејството во спречувањето со деликвенцијата.

Сепак, не може доволно да се нагласи влијанието што го има семејството врз малолетниците, па затоа, семејството треба да остане како една од главните фокуси на истражувањето во социолошките проучувања на општествениот проблем наречен малолетничка деликвенција.

Образовните институции и малолетничката деликвеција

Според многу истражувања образовниот систем има значајна улога во развојот на личноста на детето. Образовниот систем сепак ги нема создадено несоодветното однесување на младите и малолетничката деликвенција. Главните извори на деликвентното поведение се наоѓаат во карактеристиките на општеството, но сепак, училиштата, како дел од општеството, можат да го влошат или намалат овој проблем, зависно од тоа како ги потикнуваат учениците, дали ги наградуваат или казнуваат, кои

исто така нудат пристап до можностите за постигнување на успех и реагираат на проблемите на учениците.
Училиштата се првата општествена институција, после семејствата со која детето мора да се натпреварува и надградува. Главната улога во училиштето е социјализацијата, каде овој процес се состои, не само од подучување за неопходните сознанија туку и вештини кои се очекуваат од сите граѓани, тука спаѓа и почитувањето на соодветни ставови, вредности, убедувања и однесувања.
Успехот во образовниот систем значајно е поврзана со успехот во поширокото општество. Оние што нема да успеат, што создаваат проблеми, што предизвикуваат неволји и што не можат да постигнат успех во училиштата, се всушност учениците кај кои најголема е веројатноста дека ќе бидат етикетирани како ,,деликвенти,, а исто така, подоцна истите тие нема да успеат во животот. Самата оринтација на успех/ неуспех на образовниот систем, често дејствува како ,,средство за детална проверка,, што може да ги отуѓи неуспешните ученици до точка на бегање на часови или на напуштање од училиштето.
Сепак училиштата не треба да се обвинат дека ја предизвикуваат малолетничката деликвенција, но сепак тие можат да имаат значајна улога во нејзино намалување или спречување . Училиштата претставуваат составен дел од општеството и се единствена општествена институција во која малолетните лица минуваат најголем дел од своето време.

Влијание на врсниците- Младинските политики ретко го одразуваат разбирањето на улогата на врсничката група како институција за социјализација . Членувањето во деликвентни банди , како и членувањето во било која друга природна групација, може да биде дел од од процесот на развојот на деликвентното поведение. Преку таквите здружувања, всушност, поединецот стекнува чувство на сигурност , развива знаења за социјална интеракција и може да ги покаже сопствените квалитети на лојалност и лидерство . Во врсничката деликвенција општеството, факторите како што е социјалниот статус, приватната благосостојба, расата, етичката припадност, се од големо значање на сите членови на деликвентните групи , во суштина сите тие членови имаат еднаква положба и имаат слични можности за напредување. Во повеќето студии се заклучило дека голем дел од малолетничката деликвенција се состои од банди што извршуваат кривични дела како општествени прекршоци. На пример , Сарнецски 1983 трврди дека вршењето кривични дела заедно ја задоволуваат потребата што малолетниците ја чувствуваат за да бидат заедно и да најдат возбуда. Без оглед на се, општеството искажува ниско ниво на толеранција за сериозната игра на рано здружување од страна на младинските групи, дури и ако тоа се толкува како ,,општествена активност,, што ги задоволуваат потребите што

малолетниците ги чувствуваат за ,, заедништво,“ и за ,,возбуда.“ Додека членовите на бандите своето однесување го сметаат за ,,забава и игра“,нивните жртви го сметаат за насилнички и застрашувачко. Од гледна точка, пак, поширокото општество прави разлика помеѓу групата за игра од соседството и застрашувачката улична банда. И покрај основата од групата за игра за рано здружување меѓу некои членови на банди, откако ќе ја преминат границата на повремено и спонтано ,,палавење“ и усвојат свесен и намерен модел кој е незаконски за општеството, овие лица стануваат закана за општеството. Во најширока смисла зборот или поимот ,,банда “значи група на лица што се собираат заедно и дејствуваат заедно. Иако криминолозите, социолозите и агенциите за спроведување на законот , неколку децении посветиле сериозно внимание на малолетничките банди, поради големата разновидност на дејствување ,, било тешко да се одговори т.е да се даде одговор на прашањето ,,Што е тоа банда? Но, со спроведените разговори со професионалците кои се задолжени за справување со законот и оние што работат во социјалните служби, а кои се занимавале со младинските банди во шест големи американски градови, Волтер Милер ,,(1975г.стр.1) на едно место ги комбинирал и дал една од пофункционалните дефиниции за поимот „банда,, .Банда е група поединци што постојано се здружуваат , со лидерство и со внатрешна организација што можат да се идентификуваат, што тврди дека поседува контрола врз територијата во една локална заедница и што се занимава поединечно или заеднички, со насилнички или со други форми на незаконско однесување.Низ времето бандите порано извршувале битки за територија, овие битки во денешно време се поврзани со со територијата за илегална трговија со дрога, наспроти гордоста и територијалноста на соседството.

Што е всушност фактор на ризик?

Факторите на ризик општо се дефинирани како сите „оние карактеристики, променливи или опасности кои, доколку се присутни за одреден поединец, поверојатно е дека овој поединец, наместо некој избран од општата популација, ќе развие некаков вид на нарушување. Во еден . поодамнешен извештај од американскиот генерален хирург конкретно го дефинира фактор на ризик како :„Сето онаа што ја зголемува веројатноста од нешто дека некое лице ќе страда”.

Некои психолози (1993) год. го имаат забележано следново во однос на факторите на ризик:

Дисфункцијата која има комплициран однос со факторите на ризик ретко може да влијае само еден фактор, секогаш за развој на проблем се поврзани повеќе фактори, кои пак ризик -фактори се поврзани со одредено нарушување. Влијанието на факторите на ризик можеат да вариираат со развојот на состојбата на поединецот. Изложеноста на повеќе

фактори на ризик има акумулативен ефект. Многу нарушувања имаат заеднички фундаментални фактори , иако истражувачите користеле фактори на ризик за откривање на веројатноста за подоцнешна дисфункција на младата личност. Кај многу млади личности со веројатност за подоцнешен развоја на асоцијално однесување, влијаат повеќе фактори на ризик. Но, кај некои млади личности никогаш не се развиваат вакви деликвентни или насилни дејствија. Факторот на ризик всушност, можат да ја зголемии веројатноста за неправилно развивање на младата личност. Слично на тоа, возрасниот опсег или развојниот период каде што младиот човек е изложен на специфични ризик - фактори е исто така важен за поединците кои работат на приспособување на превентивни програми за специфични фактори. Во еден извештај како што е ,,Младоста и насилството"- факторот е на ризик ги дефинираат како :,,Сите напори за спречување и интервенција на насилството што зависат од идентификување на ризик факторите, како и заштитните фактори и одредувањето кога тие ќе се појават во текот на развојот". За да бидат ефективни, ваквите напори мора да бидат соодветни на фазата на развој на младата личност . Програмата која е ефикасна во детството може да биде неефикасна во периодот на адолесценцијата или обратно. Покрај тоа, ризикот и заштитните фактори насочени кон превенцијата на насилството може да се разликуваат од оние насочени од програмите за интервенција кои се дизајнирани да спречат повторување на насилството .

Зошто се проучуваат факторите на ризик?

Проучувањето на факторите на ризик е од големо и клучно значење за унапредување на превентивните програми кои често имаат ограничен персонал и финансирање. Идентификување на одредени фактори може да предизвикаат деликвенција, особено групи на млади во одредени фази од нивниот развој може да им помогне на програмите да ги насочат нивните напори во повеќе ефикасен и исплатлив начин.

Фактори на ризик за деликвенција: Преглед табела

Домен	ран почеток (од 6-11год)	доц. почеток(од 11-14г)	Заштитни фактори

Индивидуални	- Општи прекршоци - Да се биде машко - Употреба на супстанции - Агресија - Хиперактивност - Проблематично(асоцијално однесување - Изложување на телевизиско насилство - Асоцијални ставови - Нечесност	-Општи прекршоци - Да се боде машко - Немир - Преземање на ризик - Агресија - Физичко насилство - Асоцијални ставови, верувања - Кривични дела против лица - Проблематично(асоцијално однесување)	-Нетолерантен однос кон деликвенцијата -Висок IQ -Да се биде девојче -Позитивна социјална ориентација
Семејство	-Низок социо-економски статус -Асоцијални родители -Лош однос родител/дете -Остри, лабави и неконтролирана дисциплина -Скршен дом -Разделба на родителите -Невработени родители -Занемарување	-Лош однос родител/дете -Сурова или опуштена дисциплина -лаб мониторинг, надзор и ниска вклученост на родителите -Асоцијални родители -Скршен дом -Низок социо-економски статус, сиромашни родители -Семејни конфликти -Навредливи	-Топол подржувачки однос и со родители и со деца -Родителска слога Позитивна оцена на родителите према врсниците на детето
Училиште	- Лош став, перформанси	-Лош став, перформанси и академски неуспех	-Посветеност кон училиштето -Признание за вклучување во конвенционални активности
Група насилници	-Слаби социјални врски -Антисоцијални врсници	-Слаби социјални врски -Антисоцијални , деликвентни врсници -Членство во банди	-Пријатели кои се ангажираат во конвенционалното
Заедница		-Маалски криминал -Дроги -Неорганизираност во соседсвото	

Извор:Адаптирано од канцеларијата на генералниот хирург 2001 г

Опис на факторите на ризик

Од многу истражувачи, факторите можат да бидат перитални и пренатални. Неколку студии ги поврзуваат пренаталните и перинаталнте компликации со подоцнежно деликвентно или криминално дејствије. Пренаталните и перинаталните компликации може да доведат до низа на здравствени проблеми кои негативно влијаат врз развојот на личноста. . Факторите на ризик некои истражувања ги поврзуваат и со семејството и врсниците, кои пак се поврзани со ,пренатална грижа,и компликации по породувањето. Фактори на ризик за деликвенција можат да бидат поврзани со позитивната врска помеѓу хиперактивноста, проблеми со концентрација или внимание, импулсивнос и преземање ризик, а подоцна и во насилно однесување“. Ниско вербалениот коефициент на интелигенција и задоцнетиот јазичен развој , двете се поврзуваат со деликвенцијата и асоцијално однесување. Некои истражувачи забележале дека „децата со ниски академски перформанси, ниска посветеност кон училиштето и ниски образовни аспирации во текот на основното, а подоцна и во средното училиште се изложени на поголем ризик за развој на деликвентна личност, отколку кај другите деца кои имаат одлични успеси во училиштето.

Социјални фактори

Структура на семејството. Семејните карактеристики како што се слаби родителски вештини, големина на семејството, домашни несогласувања малтретирањето на децата и асоцијалните родители се ризични фактори поврзани со малолетничката деликвенција. (Дерзон и Студијата на McCord (1979) Од испитување на 250 момчиња, се покажало дека меѓу момчињата на 10-годишна возраст, најсилните предвидувања биле, деца на слаб родителски надзор, родителски конфликт, и родителска агресија, вклучително и груба, казнена дисциплина во подоцнешниот развој израснуваат во деликвентни индивидуи. Некои пак истражувања деликвентното поведение го поврзуваат со растењето на детето

во еднородителско семејство кое има голема шанса да прерасне во дете- деликвент. Но, сепак, кога се контролираат социо-економски услови, овие разлики се минимизираат. Животната средина во која се одгледуваат младите може да влијае на веројатноста за зголемување на деликвенција.

Во поглед на училишните политики, националниот совет за истражување и институтот за медицина го разгледале влијанието на училишните политики во врска со слабите оценките, суспензија и исклучување како и училишно следење на малолетничка деликвенција. Овие организации објавијавиле дека таквите политики, кои неразмерно влијаат на малцинствата, имаат негативни последици за изложеност на ризик-малолетници . Постојните истражувања укажуваат на моќната врска помеѓу престојување во неповолна средина и учество во криминал. Гледано од социолошките теории за девијантност тие пак претпоставуваат дека „Неорганизираните населби имаат слаби социјални контролни мрежи. Таа слаба социјална контрола, произлегува од изолација меѓу жителите и има високи шанси да развие во семејството девијантно или асоцијално однесување кај одредена индивидуа.

Индивидуални фактори

Хиперактивноста е еден од факторите што го имаат истражувано бројни студии кои се поврзани со малолетничката деликвенција. Истражувањата покажуваат дека поголема веројатност имаат немирните, вознемирени деца дека ќе развијат деликвентно однесување, исто така овие деца се изложени на поголем ризик да развијат нарушувања во однесувањето. Деца изложени на ризик од деликвентно однесување , обично се поактивни од другите деца, тешко седат мирни, имаат потешкотии со контролата на импулсите и проблеми со вниманието. Постојат наоди кои укажуваатдека дека хиперактивноста во предучилишна возраст е подобар предиктор на деликвенција (на возраст од 10 до 13 години) отколку недостатокот на просоцијално однесување и ниска анксиозност, сепак, други истражувања сугерираат дека хиперактивноста води до нарушување на однесување само кога се јавува заедно со физичка агресија или спротивставеносто однесување Со други зборови, симптомите на хиперактивност и импулсивност се предвидувачи на ран почеток на нарушувања во однесувањето, импулсивност, проблеми со вниманието, понизок коефициент на интелигенција. Во студиите кои ја мереле извршната когнитивно-невропсихолошките тестови имаат воспоставено јасна врска помеѓу дефицит во извршните функции и агресивно однесување, без оглед на семејството. Многу од студиите ги поврзуваат емоционалните фактори како фактори на ризик за асоцијално однесување. Од студиите за деликвентно однесување се фокусирани системот за инхибиција на однесувањето и системот за активирање на однесувањето. Однесување –инхибицијата вклучува плашливост, анксиозност и

сramежливост, додека однесувањето , каде активирањето вклучува новина и барање сензации, импулсивност, хиперактивност и агресија. Истражувањата покажале дека високите нивоа на активирање на однесувањето и ниските нивоа на Инхибициите се фактори на ризик за појава на деликвенција. Импулсивни момчиња, кои не се вознемирени, почесто прават деликвентни дела на возраст од 12-13 години. Момчињата кои се агресивни во помладите години или оние кои имаат потешкотии да ги контролираат импулсите се изложени на поголем ризик од употреба на алкохол и дрога, деликвенција и насилничко однесување.

Врсниците како ризик фактори

Влијанијата на врсниците врз малолетничката деликвенција обично се случуваат подоцна за разлика од индивидуалните и семејните влијанија. Ова вклучува фактори како што се деликвентно однесување на врсниците, одобрување од страна на деликвенција и отфрлање од страна на врсниците. Поврзување со деликвентните врсници е директно поврзана со извршување на кривични дела, а во помал број на случаи вклучуваат и вмешаност на банда. Според податоците од анкетата која била пополнетта од репрезентативни американски малолетници на возраст од 11 до 17 години, Најчестиот пополнет образец бил дека детето преминува од дружење со врсници кои не се деликвентни во дружење со врсници кои се деликвенти, а потоа и извршување помали кривични дела. Ова е еден од најсоодветното предвидуваање кои што се идентификувани од истражувачите. Дури и ако децата доаѓаат од добро организирани семејства и се заштитени од ефектите на другите фактори на ризик, само овој фактор може да има силен ефект врз развојот на деликвентно однесување. Некои истражувачи забележале дека адолесцентите кои дружат со врсници деликвентни, имаат 10 пати поголеми шанси и самите да станат деликвенти. Членството во банда е многу посилен фактор на ризик од присуството на деликвентни врсници.

2. ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈСТВАТА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Првиот општествен статус на детето, првите гледишта, видувања и учење е всушност општествениот статус на семејството. Од голема важност се и околностите во кое детето расте, односно во кое семејство расте, дали детето расте во сиромашно семејство, во семејство од работничка класа , семејства чии членови имаат одредена професија, семејства на средна или богата класа . Според истражувањето се укажува дека деликвенцијата постои во сите општествени класи, но од истражувањето се дошло и до заклучок дека кај младите што потекнуваат од долните класи , поголема е веројатноста дека официјално ќе бидат процесуирани. Младите лица кои потекнуваат од долните класи поголема веројатност има дека ќе дојдат во контакт со полицијата, кај нив постои и поголема веројатност дека ќе бидат лишени од слобода, дека ќе бидат проследени пред суд, а со тоа ќе бидат прогласени и за деликвенти. Децата кои ќе бидат лишени од слобода поголема е веројатноста да се случи кај оние семејства кои припаѓаат на долната класа, отколку кај младинците од средната или горната класа.

Многу од истажувачите ги поврзуваат и четирите променливи во семејството кои имаат значајно влијание врз деликвенцијата . Тие можат да бидат : општествената класа, големината на семејството т.е нивниот редослед на раѓање , природата на интеракцијата на семејството и родителската дисциплина.

Психолозите и социолозите одамна го имаат нагласено значењето што го имаат родителите во развојот на личноста, меѓутоа, истражувањата укажуваат и на тоа дека бројката на браќата и сестрите , како и местото што детето го има во редоследот на раѓање, исто така, се значајно поврзани со деликвенцијата, кај големите семејства обично постои недостиг од финансиски ресурси како и дисциплина од соодветна социјализација. Најпрво, големото семејство мошне силно се поврзува со пренатрупаност и со општествено-економски неповолности. Во поголемите семејства има помалку интензивна интеракција и помалку комуникација меѓу родителите и децата, бидејќи родителите своето време мора да го поделат со повеќето деца. Родителската дисциплина и надзор во поголемите семејства може да биде потешка кога има повеќе деца за кои треба да се води сметка, можно е и да се случи некои од децата да биле несакани. Во некои случаеви , непостоењето ограничувања во семејството може да претставува одраз

на општите квалитети на родителите во смисол на несоодветна претпазливост и планирање. Големината на семејството постојано се јавува како значајна променлива во студиите за деликвенција . Големината на семејството и редоследот на раѓање влијаат врз процесот на социјализација и се релевантни променливи што треба да се земат предвид при проучувањето на појавата на деликвенцијата кај малолетниците.
Наследниот фактор наспроти опкружувањата, често се игнорира фактот дека различни деца од исто семејство имаат различни чувства за општествените опкружување. Факт е дека станува збор за исто опкружување , секое дете, зависно од редоследот со кој е родено, се раѓа во опкружувањето што сосема се разикува од опкружувањето во кое се раѓа кој било негов брат или сестра. Далтон Коли (2005 г) забележал дека покрај редоследот на раѓање, браќата и сестрите создаваат ,,хеарархија,, во семејството, што во голема мера влијае врз личноста, однесувањето, веројатност за остварување на успех и веројатност од невлегување во деликвенција. Големината на семејството, редоследот на раѓање и хиерархијата во семејството се поврзани со деликвенцијата, тоа пак поставува интересни перспективи за идните социолошки и психолошки истражувања.

Интеракција во семејството

Динамичноста на интеракцијата во семејството има безброј можности и истата се разликува од семејство до семејство, како и односите внатре на самите семејства, како и од тоа кои членови на семејството се дел од нејзе и какви околности се присутни во одредена ситуација. Отфрлањето од родителите е значаен фактор што води кон деликвенција, а истото тоа важи и за принудувањата и засрамувањата од страната на родителите, наспроти тоа, силната приврзаност кон семејството и вклученост во него, доследно се приврзува со неделиквентност. Семејното насилство се покажало како уште поповрзано со проблематичните млади. Во многуте студии, насилството во семејството , посебно злоупотребата од страната на еден родител или од обата родителa се поврзува со несоодветно однесување, а тоа пак води до развој на деликвенција од страната на малолетникот. Темата ,, Насилство води насилство“- сугерира дека кај деца што се социјализираат во семејно опкружување во кое насилството претставува главна норма, многу поголема веројатност има децата да се однесуваат насилно и дека ќе доживеат насилство како одржливо решение на проблемитен(Хамнер и Тарнер 1985г, Нофцигер и Курц,2005 г , Страус и др,1980 г) .
Многу студии покажуваат дека кај оние лица што како деца биле жртви на насилство, лошо третирани од околината, поголема веројатност има дека овие деца ќе бидат инволвирани да користат дрога и други форми на деликвентни дејствја. Покрај физичкото насилство, целокупната релација меѓу родителите и децата се јавува како релеванта во разбирањето на деликвенцијаата и на нејзината поврзаност со домашното опкружување. Конфликтот со родителите и другите аспекти како што се стресот во семејството се поврзуваат со однесувањето на младите и адолесцентите врз појава на деликвенција. Во домовите каде што владее висока тензија, се одлична подлога за создавање високо ниво на непријателство и кавги, а тоа пак претставува закана за кохезивноста на семејствата и може да доведе до деликвенција. Кај семејства со постојано присутни кавги и занемарувања, се забележало повисока стапка на криминал, отколку во домовите во кои

дефинитивно разделувањето го нарушуло семејството и се сугерира дека кај домовите каде има присуство на занемарување и конфликти, поголема шанса има дека самите ќе создадат деликвенти, отколку кај домовите растурени поради развод.
Од сето оваа се заклучува дека кај оние модели каде интеракцијата во рамките на семејството се поважни за објаснување на деликвенцијата отколку структурните фактори како што се големината на семејството или растурените и недопрени домови.
Поборниците на теоријата за контрола на општеството тврдат дека приврзаноста кон родителите претставува значаен сегмент од општествената класа и дека истата таа е исклучително важна во ,, изолирањето“ на детето од деликвенцијата . Оние деца кај која се развила силна општествена врска со своите родители, поголема веројатност има дека ќе имаат психолошко чувство за своето семејство кога ќе ,, излезат надвор“ во светот на општеството. Силната љубов, разбирање и почитување на индивидуите го изградува позитивниот и добар дух на младата личност.

Родителска дисциплина

Улогата на родителите во општеството е да си ги дисциплинираат своите деца. Природата, видот и степенот на дисциплината во голема мера варираат, а исто така варираат и ставовите за тоа што треба да претставува дел од соодветните мерки за дисциплина. Стронг и неговите соработници (2007 г) ги категоризираат денешните стратегии за воспитување на децата на следните категории:

1. Авторитарна - се карактеризира со апсолутна послушност, како најбитна работа е одржувањето на контролата од страна на родителите,, Јас така велам“ е типичен одговор од родителот кога детето го оспорува неговиот авторитет, оваа е типично за семејствата од долната или таканаречената работничка класа.
2. Попустлива - овде преовладува слободата на изразување и автономноста на детето, родителите понекогаш манипулираат кога користат одредени изрази како ,, Прави го онаа што сакаме да го правиш, бидејќи и ти сакаш да го правиш,, типично за семејства од средната класа.
3. Авторитетна - преовладување на позитивно поттикнување и ретко казнување, всушност се потикнува автономноста на детето во разумни граници, типична појава кај семејства од средната и горната класа.

Родителската дисциплина е тесно поврзана со концептот на деликвенцијата на најразлични начини. Буквално во секоја држава , родителите можат да си ги упатат сопствените деца на суд за малолетни лица, бидејќи одбиваат да ги слушат. Со овој вид несоодветно однесување обично се постапува под закрила на поимот ,, непоправливост, а тоа пак се третира како престапничко дело врз основа на статус.
Кога строгата дисциплина ќе се јави во форма на телесна казна , може да придонесе кон проблеми во однесувањето, наместо да ги спречи да се појават. Во едно истражување има покажано дека 61 процент од Американците сметаат дека,, плескањето по задник“ како воспитна мерка може да се прифати како вообичаена форма на казнување кај малите деца (Брендон 2002г) . Многу истражувања покажале дела во 1970 –тите и во 1980-тите

години, над 90 проценти од родителите изјавиле дека ја спроведувале оваа мерка како казна на своите деца на тригодишна годишна , додека во истражувањата направени во 2007 година, помалку од 9 проценти од родителите признале дека повремено ги плескаат децата по задник на возраст од 2-11 години. Многу тешко е да се определи дали помалата бројка на овој метод на казнување го применувале помалку родители, или едноставно , помалку родители сакале да признаат дека го прават, но сепак разликата над 90 процента и 9 процента е сепак огромна. Во една студија која била објавена во Американската медицинска асоцијација се покажува колку повеќе родителот го ,,плеска“ своето дете , толку полошо тоа дете се однесува со текот на времето. Родителите кои применуваат физичко казнување се родители чии деца најверојатно ќе станат насилници во соседството и на училиштето(Ахмед и Бреитвајт 2004 г).
Според Мекорд и др.(1959г) и Симсон и Лауб (1994г) ,,Насилството од страна на родителите се поврзува со деликвенцијата, но не и строгата родителска дисциплина, според нив се дошло до заклучок дека доследноста при дисциплинанирањето е поважна во,, изолирањето“деликвенцијата отколу методот методот на дисциплинирање што се применува.Томи Хемнер и Полин Тарнер (1985 г) тврдат дека родителите треба да ги следат следните насоки доколку сакаат нивното казнување да има успех, според нив:

1. Пред да се спроведе казнување , детето јасно треба да знае како од него се очекува да се однесува и кои последици ќе настанат доколку тоа не ги исполни очекувањата
2. Казната треба да следува веднаш по стореното дело.
3. Казната треба да биде заслужена и разберена.
4. Казната треба да биде поврзана со самото дете.
5. Казната треба да се спроведе во контекст на љубов и почитување.(Хемнер и Тарнер, 1985 г. стр.45)

Хирши (1983г) дополнително го има нагласено значењето на родителската дисциплина. Според него ,, Родителот што си го сака детето ќе внимава на неговото однесување, ќе ги забележи оние работи кои што детето не смее да ги прави и ќе го исправува. Ставот на Хирши е општ, кој и можеби премногу го поедноставил чинот на дисциплинирање на децата , но можеби неговата поента е валидна. Да се внимава на однесувањето на сопствените деца, а потоа да се стори нешто доколку има несоодветно однесување, преставува еден од основните елементи од процесот на социјализација и на интеракција што го поткрепуваат сообразното однесување. Хирши укажал и на неколку можни проблеми што можат да навлезат во процесот на социјализација и да го загрозат спречувањето на деликвенцијата, а тоа се :

1. Можно е на родителите да не им е грижа.
2. Можно е на родителите да не им е грижа, но можеби тие немаат време и енергија што се потребни за следење на однесувањето на детето.
3. Можно е на родителите да не им е грижа, тие да го следат однесувањето на детето, но да не забележат ништо погрешно во него.
4. Можно е на родителите да им е грижа, да го следат однесувањето на детето, да сметаат дека тоа однесување е погрешно- но да не поседуваат склоност ниту начини и средства за наметнување на казната. (Хирши 1983г.стр.15)

Без оглед на причините, кога самите родители не успеваат да си ги дисциплинираат своите деца , товарот за тоа обично преминува на другите агенси во општеството како што се училиштето, социјалните служби, полицијата и судовите.
Покрај многубројните тврдења и истражувања, сепак се доаѓа до заклучок дека минувањето на времето со родителите и децата, добрата комуникација, надзорот, следењето на однесувањето на детето, ставање на знаење на децата дека се одговорни за своите постапки, всушност се најефикасни средства со кои родителите можат да ја спречат деликвенцијата.

2.1.ВКЛУЧУВАЊЕТО НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ОПШТЕСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Успешните резултати на младите кои се сместени во системите за малолетничка правда и занемарување може да влијае врз нивото на вклученост на семејството и во нивното образование. Вклученоста на семејството во активностите на институциите, може да биде многу важен елемент за учениците кои се враќаат на училиште по институционално сместување.

Во поново време започнувањето на иновативни програми за вклучување на семејството, во неколку сојузни државни и локални агенции се сфатило колку е суштински важно вклучувањето на семејството во трансформирање на институционалната практика.

Семејните организации сепак се недоволно искористен ресурс што може да се искористи за да се подобри улогата на семејствата во работењето на институциите за млади кои се запоставени или деликвентни. Родителите на младите и во системот за малолетничка правда и во системот за запоставување може да бараат дополнителна поддршка за ефективно да се движат и во образовниот и во правосудниот систем внатре и надвор од институцијата. Со оваа се прикажуваат стратегиите кои ќе помогнат да се зголеми вклученоста на семејството во институциите кои ги едуцираат младите, што се запоставени или деликвенти . Вклучувањето на семејствата во институционалните услови може да помогне да се максимизираат образовните искуства на младите , додека остануваат во установата и да се подобри нивната транзиција кон образованието во заедницата или работните програми по ослободувањето . Неколку сојузни, државни и локални агенции препознале колку е голема важноста да се вклучи семејството, па така и почнале да ја вклучуваат оваа важна компонента во нивните стратегии за трансформирање на институционалната практика.

Способноста на семејството да биде вклучено зависи и од тоа колку е оддалечена програмата за поправна едукација од местото каде што живее семејството и какви

транспортни услуги се достапни. Способноста на едниот член на семејството да биде вклучен или да биде застапник во образованието на своето дете, исто така, може да биде вкоренета во ограничувањата на нивните претходни искуства. Возрасните кои не завршиле средно училиште, кои исто така имале потешкотии со учењето - можеби поради неоткриена попреченост или кои се вклучени во правниот систем, можеби не знаат како да комуницираат со училишниот персонал или пак не гледаат како можат да придонесат за нивното дете и за неговото школувањето. Родителите можеби и се плашат да разговараат со наставниците и се чувствуваат неквалификувани да понудат свои мислења или да поднесат барања.

Самите институции имаат карактеристики и политики кои ја контролираат вклученоста на семејството. На пример, институциите кои се во домашната заедница на семејството, како што се небезбедни дневни центри, како и центри за лекување, може да понудат најширок опсег на можности за членовите на семејството да бидат вклучени во образованието на нивното дете, додека некои безбедни поправни институции за возрасни не нудат образовни програми за сите жители во објектот.

Многу воспитно-образовни институции и програми имаат управни одбори, совети за планирање, советодавни групи и работни комисии каде што би било пожелно да се даде придонес и од самите семејства. Во некои случаи, вклученоста на семејството е задолжителна. Администраторите за поправно образование би можеле да побараат помош од овие тела за развој на планови за подобрување на вклученоста на семејството во нивната институција или програма. Широко е прифатено дека регрутирањето и задржувањето на членовите на семејството за да преземат такви улоги се постојани предизвици. Овој дел се осврнува на некои од основните прашања и предлага начини да им се помогне на администраторите за поправно образование и семејствата да работат заедно кон промена на системите и подобрување на програмата. Добрите односи меѓу администраторите за поправно образование и семејствата се градат на ист начин како што се развиваат односите меѓу кои било поединци: тие зависат од довербата и меѓусебното почитување, што најлесно е да се постигнат кога и двете страни имаат многу заеднички интереси , како на пример да имаат исто ниво на образование и приход или припадност на иста етничка група или религија. Фокусираните дискусии со семејствата чии деца се во програми за поправно образование дадоа многу предлози за ангажирање на семејствата. Тие спаѓаат во пет широки категории: културно-удобни поставки, стратегии за пристап, градење доверба, механизми за комуникација и услуги за поддршка на семејството. Културно -удобните поставки се клучни за намалување на вознемиреноста што ја чувствуваат семејствата кога се соочуваат со поправниот систем. Вклучувањето на семејствата бара разбирање и почитување на различностите. Културата влијае на тоа како семејството пристапува кон задачите на секојдневниот живот и исто така може да насочи

како семејството има интеракција со училишната програма на нивното дете. Комуникацијата е основата на вклученоста на семејството. Може да воспостави бариери и граници или да отвори патишта за разбирање и соработка. Слушањето е дел од добрата комуникација исто како и гласното зборување. Јазикот треба да биде разбирлив за сите страни. Жаргоните и акронимите треба да се избегнуваат и техничките термини да се објаснат со едноставни зборови.

3.ПСИХОЛОШКИ И БИОЛОШКИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈ НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Психолошките фактори имаат значајна улога во развојот на малолетничката деликвенција. Психолошките фактори се однесуваат на индивидуалните карактеристики, емоции, когнитивни способности и ментални состојби кои можат да придонесат за развој на деликвентно однесување кај малолетниците. Тие можат да бидат резултат на биолошките предиспозиции, семејното воспитување или влијанието на врсниците. Некои црти на личноста може да ги направат децата подложни на криминално однесување. Импулсивноста (недостиг на самоконтрола и склоност кон брзи, непромисливи одлуки) ,агресивноста (склоност кон насилни реакции и конфликти), ниска толеранција на фрустрации- неспособност да се справат со разочарување и неуспех, ниска емпатија –недостиг на способност да се сочувствуваат со другите. Овде спаѓаат и когнитивните способности кај малолетникот како што се: потешкотиите во учењето или ниска интелигенција каде што имаат проблем со последиците од своите постапки, слабо развиените вештини за решавање на проблеми исто така може да доведе до употреба на насилно однесување и конфликти, искривени морални ставови. Кај некои деца се развиваат чувства на погрешна слика за правда и сметаат дека насиството е прифатлив начин на постигање. Одредени ментални и емоционални нарушувања како асоцијално нарушување на личноста –деца кои покажуваат постојано непочитување на правилата и чувствата на другите, нарушувања на однесувањето која е исто така причина за агресивно и криминално однесување кај децата и тиниџерите, Хиперактивноста и дефицитот на внимание како што е импулсивноста и невниманието се исто така значајни врз појава на деликвентност, Депресијата и анксиозноста –некои малолетни лица се впуштаат во деликвентни активности како начин да се справат со внатрешниот стрес и немир.

Биолошките фактори, како што се :раната физиолошка зрелост или ниската интелигенција, исто така придонесуваат за деликвентно однесување кај малолетниците. Како што е забележано, возраста на пубертетот кај девојчињата е намалена во просек за три или четири години. Како резултат на што тие достигнуваат пубертет на возраст од дванаесет или тринаесет години, додека сè уште остануваат ментално- психолошки неспособни да замислат за реалноста на животот и стануваат лесен плен на секс ,инволвирања за моментални задоволства без да ги сфатат последиците од нивниот чин без соодветно родителство, насочување и советување. Треба да се внимава да се обезбеди заштита на девојчињата од проституција и детска порнографија. Понекогаш и малолетничката деликвенција е директен резултат на психолошки или ментални нарушувања. На пример, адолесцентите со шизофренија, анксиозни нарушувања, па дури и АДХД, сите можат да ги поттикнат адолесцентите кон поголемо преземање ризик и криминално однесување. Зависноста од дрога и алкохол е исто така фактор кој придонесува за многу деликвентни однесувања.

Според некои испитувања, кога направиле испитувања каде шго го измериле коефициент на интелигенција на испитаниците, малолетни деликвенти, дошле до заклучок дека кај овие деца се смета за малку понизок коефициентот на интелигенција за разлика од младите кои не се деликвенти, иако понискиот коефициент на интелигенција не може да се смета како директна причина за деликвенцијаата (Жлебник, 1972, стр. 223). Поборниците на оваа концепција се Фројд, Грос, Фридландер, Ашафенбург, Бел итн.

Криминолозите кои припаѓаат на психолошкото училиште за криминологија се согласиле дека детето кое доживува каков било вид на злоупотреба или запоставување, или која било друга форма на однесување кое го загрозува детето, може последователно да покаже и патолошка непослушност.

Непослушноста, која е доста честа кај адолесцентите, е постојано пренесување на неостварените детски желби во агресивно однесување. Во тој период од животот, кога е во процес на развој, поединецот демонстрира потреба од самоизразување во својата потесна семејна средина или меѓу своите врсници.

Непослушноста се развива во патолошко однесување кога станува деструктивно и во тој случај се манифестира како деликвентно однесување на детето. Бел верува дека деликвентните деца имаат потешкотии да ја прифатат фигурата на авторитет, што е „последица на специфичениот страв од таткото или фигурата што ја заменува таткото“ длабоко вкоренети во нивното детството (Belle, 1969, стр.355). Во својата студија за криминалната психологија, Грос заклучува дека децата кои се склони кон деликвентно однесување може лесно да се препознаат во раното детство. Воспитувањето и

образованието не треба да имаат никакво влијание врз „добрите“ деца. Во тој контекст, Грос го проучувал процесот на растење, детската егоцентричност (себичност) како и посебните видови реакција на појавата на неприлагодено однесување (Грос, 1968година)..

Сепак се доаѓа до заклучок дека, врз појава на асоцијално однесување, не е пресуден само психичкиот и биолошкиот фактор. Малолеттничката деликвенција е комплекс на интеракции од психолошки и биолошки фактори. Биолошките фактори можат да зоздадат предиспозиција за проблематично однесување, психолошките и социјалната средина играат клучна улога во тоа како ќе се развива однесувањето на малолетникот.

4.СОЦИЈАЛНИ ФАКТОРИ КОЈ ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Според многу социолошки испитувања концептот на малолетничката деликвенција го гледаат пошироко, тие веруваат дека тој опфаќа мноштво различни прекршувања на правните и општествените норми, од полесни прекршоци до тешки кривични дела, извршени од малолетници. Под закрилјата на малолетничката деликвенција се вклучени т.н. статусните прекршоци, затоа што се тесно поврзани со возрасниот статус на сторителот; одредено дејствие или однесување се смета за прекршување на законот само ако е извршено од малолетник (примерите вклучуваат бегство и бегство). Во обид да ги објаснат теоретските основи на деликвенцијата, социолозите ги поврзуваат спецификите на однесувањето на младите со домот, семејството, соседството, врсниците и многу други влианија кои заедно или одделно влијаат на формирањето на социјалната средина на младите. Асоцијалното однесување може да биде нормален дел од растењето или почеток на долгорочен модел на криминални активности. Насоките на Обединетите нации за спречување на малолетничка деликвенција (упатства од Ријад) тврдат дека „младешкото однесување или однесување кое не е во согласност со севкупните општествени норми и вредности често е дел од процесот на созревање и раст и има тенденција да исчезнува спонтано кај повеќето поединци со транзицијата кон зрелоста“; огромно мнозинство млади луѓе во одреден момент од нивната адолесценција прават некаков ситен прекршок, без тоа долгорочно да се претвори во криминална кариера. Иако деликвенцијата е вообичаена карактеристика на периодот и процесот на полнолетство, многу е важно да се забележи дека малолетниците често создаваат стабилни криминални групи со соодветна субкултура и почнуваат да се вклучуваат во активности на возрасни криминални групи, всушност избирајќи деликвентни кариери. . Статистичките податоци во многу земји покажуваат дека деликвенцијата во голема мера е групна појава; помеѓу две третини и три четвртини од сите малолетнички прекршоци се извршени од членови на

различни групи. Дури и оние малолетници кои сами прават прекршоци, веројатно ќе бидат поврзани со групи. Според податоците на Руската Федерација, стапката на криминални активности меѓу малолетниците во групи е околу три до четири пати повисока од онаа на возрасните престапници. Групниот криминал со малолетници е најзастапен кај 14- годишните, а најмалку кај 17-годишниците. Стапките се повисоки за кражби, грабежи и силувања, а пониски за убиство со умисла и тешки телесни повреди.

Сличности во основните карактеристики на однесувањето на малолетничката група се наоѓаат во речиси секој класен и културен контекст. Групите на малолетни врсници се познати по нивните високи нивоа на социјална кохезивност, хиерархиска организација и одреден кодекс на однесување заснован на отфрлање на вредностите и искуството на возрасните. На субкултурниот аспект на активностите на малолетничката група ретко му се посветува вниманието што го заслужува. Различни малолетнички групи го прифаќаат она што значи хетерогена мешавина, или синтеза, на доминантни (класни) вредности, кои се шират од забавната индустрија и меѓугенерациски (групни) вредности, кои се родени во семејството или соседството. Субкултурите може да се дефинираат како одредени системи на животниот стил кои се развиваат во групи и се во структурно подредени позиции како резултат на притисокот што го вршат доминантните системи. Субкултурите одразуваат индивидуални и групни обиди за решавање на структурните противречности. Членството во малолетнички групи понекогаш е суштински елемент на социјалната изведба. Неколку студии покажале можност за воспоставување врски помеѓу деликвентните групи и другите општествени институции - „симбиоза“ во која бандите можат, на пример, да работат на задоволување на која било од потребите на заедницата.5Како што беше споменато претходно, во многу случаи групите на малолетни деликвенти се исто така влезна точка на организираниот криминал за возрасни. Достапните податоци покажуваат дека деликвенцијата и криминалот имаат силна родова поврзаност. Полициските досиеја покажуваат дека стапките на криминал кај малолетните и машките млади возрасни престапници се повеќе од двојно од оние на младите жени, а стапките на пресуди се шест или седум пати повисоки. Бројот на машки малолетни осомничени за секои 100.000 членови на одредената возрасна група е повеќе од шест пати поголема од соодветната бројка за жени; за оние од категоријата млади, соодносот на осомничени мажи и жени е уште поголем, 12,5 спрема 1.6 Постојат голем број причини зошто повеќе млади мажи отколку млади жени се вклучени во насилничко или криминално однесување. Различни рестриктивни и стимулативни фактори ги поттикнуваат жените да се усогласат со општествените норми кои не важат за мажите, а еден пример е стравот од сексуален напад. Девојчињата се предмет на посилна семејна контрола отколку момчињата. Културните концепти се такви што општеството во целина е помалку толерантно кон девијантното однесување кај младите жени отколку кај младите мажи.

Дополнително, агресијата и насилството играат важна улога во изградбата на машкоста и сексуалноста во патријархалните општества, примарната цел е да се зајакне и одржи статусот и авторитативната позиција на мажите. Машката перцепција за насилство може да се минимизира, да се прости, да се негира или оправда. Мажите често не ги сметаат таквите дела како вербални или сексуални навреди7да претставува насилно однесување.

И за момчињата и за девојчињата, уличната банда е идеален контекст за „правење род“ (воспоставување родови разлики). Следствено, девојките кои се членови на банди не се само пасивни примателиа на „патријархатот“, туку активни учесници во изградбата на родовите односи. Групата врсници игра важна улога во изградбата на родовите улоги и односи, вклучувајќи го и деликвентното однесување. Младинските банди ги рефлектираат родовите односи на моќ во општеството и поврзаниот дискурс и практики со кои тие се репродуцираат. Следствено, разликите во однесувањето на мажите и жените во овој контекст се делумно производ на социјалната конструкција на родовата доминација и подреденост во аранжманите на бандите.

4.2 ВЛИЈАНИЕТО НА ВРСНИЦИТЕ

Природната, спонтана и на почетокот безопасна појава на игрите во маалските групи — како што се криенка, баскет или мавање со смет — претставува прва форма на социјализација помеѓу децата што живеат во иста област. Преку ваквите игри, децата не само што градат пријателства, туку и развиваат основни социјални вештини, како што се тимска работа, почитување на правила и меѓусебно решавање конфликти. Сепак, како што младите растат, нивната потреба за возбудување, тестирање граници и авантуристичко однесување се зголемува, што може да резултира со трансформација на овие игри во поагресивни и ексклузивни форми на групно дејствување, насочени кон млади надвор од нивната непосредна социјална група и надвор од општествените норми.

Оваа транзиција често е проследена со создавање неформални групи кои практикуваат девијантно однесување како облик на протест, одбрана на сопствениот идентитет или како начин за остварување социјален статус. Понекогаш овие групи еволуираат во банди со јасно изразена хиерархија и норми, кои ги засилуваат деликвентните обрасци на однесување кај членовите.

Вклучувањето и исклучувањето на малолетникот од групата како социјална појава е суштинска компонента на неговиот психосоцијален развој. Овие искуства започнуваат уште во најрана возраст и често го следат индивидуумот во текот на целиот живот. За да се разбере зошто доаѓа до исклучување, што тоа значи за децата и како влијае врз нивната социјална адаптација, неопходно е да се анализираат односите меѓу поединците и групите, како и шемите на моќ и прифаќање што ги регулираат тие односи.

Истражувањата покажуваат дека моралниот развој кај децата започнува уште во предучилишна возраст, а е поврзан со емпатијата, разбирањето на праведноста и способноста за донесување социјални одлуки. Меѓутоа, постојат бројни контексти во кои примената на овие морални норми станува предизвик, особено кога детето се соочува со исклучување поради разлики во изгледот, однесувањето, етничката припадност или

економскиот статус. Во такви ситуации, детето може да развие чувство на отуѓеност и да се идентификува со групи кои промовираат девијантни или деликвентни вредности.

Социјалното исклучување на малолетниците кои извршиле дури и помали прекршоци може да има долгорочни последици. Процесот на етикетирање од страна на институциите (училишта, полиција, социјални служби) и заедницата води до самоусвојување на деликвентниот идентитет, што дополнително ги маргинализира овие млади и го ограничува нивниот пристап до ресурси и поддршка.. Наместо рехабилитација, тие често се насочуваат кон групи кои ги прифаќаат токму поради нивната „девија“ и обезбедуваат чувство на припадност и солидарност.

Членството во деликвентна банда може да се разбере како продолжение на природниот процес на групирање, во кој младите бараат потврда, стабилност и припадност. Бандите често нудат јасни улоги, лидерство и чувство на заштита, особено во урбани средини со висока социјална нестабилност.. Преку ваквите групи, поединците стекнуваат социјално знаење, но и развиваат негативни модели на интеракција, кои ги заменуваат конвенционалните норми на однесување.

Во „возрасното“ општество, вредности како што се социјалниот статус, економската благосостојба, расата и етничката припадност се од суштинско значење. Сепак, во рамките на адолесцентските групи постои одредено ниво на изедначување — припадниците имаат слични можности за „напредување“ во рамките на групната хиерархија, која се темели на лојалност, храброст и способност за заштита на групните интереси.

Кога се идентификуваат причините за криминално однесување, неопходно е да се испита како се конструира деликвентниот идентитет и зошто некои млади не успеваат да го напуштат тој идентитет при преминот во полнолетство. Деликвентниот идентитет обично претставува комплексен преклоп на различни идентитети — вклучително и етнички, расни, родови и класни — кои добиваат значење преку отпорот кон доминантната култура. Во тој процес, насилството и конфликтите стануваат механизми за воспоставување и зајакнување на групниот идентитет, но и средства за преживување во средини со ограничени опции.

Во одредени социокултурни контексти, деликвентниот животен стил се романтизира, особено преку медиумите и популарната култура, што дополнително ги мотивира младите во неповолна положба да се приклучат кон банди. Овие банди честопати претставуваат единствени канали за остварување социјална мобилност, преку кои младите стекнуваат статус, ресурси и чувство на моќ. Според некои автори, урбаните банди дури можат да имаат стабилизирачка улога во заедниците со длабока економска и социјална нерамнотежа, бидејќи обезбедуваат структура, ред и чувство на колективна припадност.

5.ВЛИЈАНИЕТО НА УЧИЛИШТЕТО

Образованието претставува една од основните институциии во општеството и е во голема мера одговорност за пренос на културата, вклучувајќи ги и вредностите и нормите, до припадниците на општеството. После семејството, училиштето е другата значајна средина за социјализација на децата, каде што врши пренос на социјалните вештини и нормативни култури. Целта на образованието е да ги поттикне и да ги развива одреден број на физички, психички, интелектуални и морални состојби што од него ги бара општеството. Една од значајните функции на образованието е да ги признае позитивните резултати и интелектуалниот развој низ доделување на академски оценки на ученикот. Всушност училиштата се осмислени да дејствуваат како средства за детална проверка , каде што во идеални околности, се очекува дека секое лице во општеството има рамноправен пристап до нашиот образовен систем. Покрај позитивните страни на образованието од многуте истражувања има и многу други негативни пропусти во образовниот систем, кој како дел од општеството, знае да придонесе до продлабочување на проблемот т.е до асоцијално однесување на малолетната личност. Волтер Шафер и Кент Полк (1976г) спомнуваат друга димензија на улогата на училиштето во проектирањето на младите во насока на деликвентно однесување. Тие укажуваат дека едукаторите честопати сметаат дека постои корелација меѓу образовните недостатоци и проблемите на однесувањето и со тоа категорички дефинираат некои млади како глупав/а, лош/а . Овие деца што повеќе стануваат свесни за негативната оценка упатена на нивна сметка, така и се продлабочува нивната отуѓеност и тие се повеќе се насочуваат кон бегање од часови и други форми на деликвенција. Поврзаноста на ниската инелигенција или неможност за учење од една страна и малолетничката деликвенција од друга страна станува се понејасна. Ако досега беше популарна претпоставката дека училишната комплетност е поврзана со деликвенцијата кон успехот во училиштето, многу од истражувачите дошле до заклучок дека променливата интелигенција е значајна, но не и пресудна за деликвенцијата.

Една форма на деликвенцијата што директно произлегува од проблемите на училиште, е бегањето од часови. Секој училишен ден, илјадници ученици не одат на часови без притоа да имаат издржано оправдание. Веројатноста на малолетниците кои бегаат од часови е поголема дека ќе се инволвираат во конзумирање алкохол и дрога, во активности на банди и насилство, наместо оние кои се присутни во училиштето. Шанси дека ќе бегаат од часови имаат ученици кои имаат потешкотии во училиштето. Покрај чинот на бегање од часови поради кој малолетникот станува деликвент, исто така веројатеност дека ќе западне и во други неволји додека талкаат по улиците за време на часовите . Така младите за време на отсуство од часовите одаат по интернет кафиња каде играат видео игри, трговски центри или едноставно, за да талкаат бесцелно по улиците- се со поголема веројатност да станаат инволвирани во други форми на деликвенција, покрај бегањето од часовите. Лошите оценки, бегањето од часови и напуштањето на учелиштето се само дел од реакциите што им стојат на располагањето на учениците што нема да остварат успех во училишниот систем. Од лошиот успех и слабите оценки кај учениците се појавува фурстрацијата како форма на агресивното однесување . Малолетниците што не можат да ги оствараат културолошките пропишани цели низ општествено одобрени начини, стануваат фрурстрирани и често се одвиваат на дивјантна стратегија за приспособување на ситуацијата. Таа фрустрација може да се олесни со напуштање на училиштето или нанесување на штета на училиштето како што е вандализмот. Малолетниците својот револт кон училиштето го возвраќаат кон удар на училиштето или нанесување на штети. Училиштето станува цел на вандализам поради презирот што малолетниците го чувствуваат кон училиштето. Малолетникот тоа го прави, бидејќи не му се допаѓа училиштето и тој чувствува дека и тој самиот не им се допаѓа на наставниците и раководниот кадар во училиштето. Вандализмот е престапничко дело против училиштето, што најчесто не се смета за насилнички чин. Покрај вандализмот и други видови на престапништва во училиштето од фурстрирањето како агресија кон наставниците и врсниците се јавува и насилството кое може да биде од емоционален или физички напат према врсниците, наставниците и раководниот кадар. Во последните години е во се поголем раст овој вид на агресија кај младата популација.

6.МЕДИУМИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ

Телевизијата и филмовите го популаризираа „култот на хероите“, кој промовира правда преку физичка елиминација на непријателите. Многу истражувачи заклучиле дека младите луѓе кои гледаат насилство имаат поголема тенденција да се однесуваат поагресивно или насилно, особено кога се провоцирани. Ова главно е карактеристично за момчињата од 8 до 12 години, кои се поранливи на такви влијанија. Медиумите доведуваат поединец до насилство на три начини. Прво, филмовите кои демонстрираат насилни чинови ги возбудуваат гледачите, а агресивната енергија потоа може да се пренесе во секојдневниот живот, притискајќи го поединецот да се вклучи во физичка активност на улица. Овој тип на влијание е привремен, трае од неколку часа до неколку дена. Второ, телевизијата може да прикаже обично секојдневно насилство извршено од родители или врсници (наметнување казни за неуспехот да учат или за прекршување на одредени правила или норми на однесување). Невозможно е да се најдат телевизиски емисии кои не прикажуваат такви обрасци на насилство, бидејќи одобрувањето од гледачите на овој тип на програми обезбеди негово продолжување. Како резултат на тоа, децата се постојано изложени на употреба на насилство во различни ситуации - а бројот на насилни дејствија на телевизија се чини дека се зголемува. Трето, насилството прикажано во медиумите е нереално и има надреалистички квалитет; раните крварат помалку, а вистинската болка и агонија што произлегуваат од насилните дејствија се многу ретко прикажани, па последиците од насилното однесување често изгледаат занемарливи. Со текот на времето, телевизијата предизвикува промена во системот на човечки вредности и индиректно ги наведува децата да гледаат на насилството како на посакуван, па дури и храбар начин за повторно воспоставување на правдата. Американската психолошка асоцијација ги разгледа доказите и заклучи дека телевизиското насилство е одговорно за околу 10 отсто од агресивното однесување кај децата.

Иако влијанието на медиумите врз младите е значајно, нивното дејство не е детерминирачко и зависи од медијаторски фактори, особено од степенот на медиумска

писменост, квалитетот на семејната комуникација и образовната средина. Медиумската писменост претставува способност на поединецот критички да ги анализира, проценува и разбира медиумските содржини. Таа не е само техничка вештина за ракување со дигитални уреди, туку суштински елемент на современата социјализација и отпорност на манипулативни и агресивни пораки.

Истражувањата покажуваат дека младите со развиена медиумска писменост поретко ги прифаќаат насилните модели како прифатливи и посакувани (American Psychological Association, 1993). Овие вештини треба да се градат уште од раното детство, во семејството и преку формалниот образовен процес.

Семејството игра клучна улога во медиумската превенција. Како што нагласува Жлебник (1975), стабилното семејно опкружување, во кое постои отворена комуникација и критичка дискусија за медиумските содржини, може значително да го намали ризикот од медиумски предизвикано агресивно или девијантно однесување. Родителите кои активно се вклучуваат во медиумските навики на своите деца – преку заедничко гледање, објаснување на содржините и поставување граници – воспоставуваат заштитна рамка во која децата учат да прават разлика меѓу фикција и реалност, меѓу прифатливо и неприфатливо однесување.

Училиштето, пак, треба да ја надградува оваа рамка преку програми за медиумска едукација, но и преку интегрирање на медиумските содржини во наставата по општествени науки, етика, граѓанско образование и психологија. Учениците треба да научат да ја препознаваат целната публика, манипулацијата преку емоции, пропагандните техники и скриените пораки во медиумите. Бел (1967) укажува дека модерното образование мора да се адаптира на новите услови на социјализација, каде што медиумите ја преземаат функцијата на „четврта институција“ по семејството, училиштето и врсничката група.

Во оваа смисла, училиштето може да делува и како превентивен простор каде што се поттикнуваат вредности на ненасилна комуникација, емпатија, почитување на разлики и отпорност кон наметнати медиумски стереотипи. Дополнително, вклучување на родителите во образовниот процес – преку работилници, предавања и заеднички активности – создава мост меѓу семејната и образовната средина, што е клучно за ефективна медиумска превенција.

Како што нагласува Фридландер (1930), криминалното однесување не се појавува во вакуум, туку е резултат на сложени интеракции меѓу поединецот и социјалната средина. Оттаму, воспоставувањето интегриран пристап во кој медиумската едукација е составен

дел од пошироките стратегии за превенција на деликвенција претставува неопходен чекор во современите општества.

7.ПРЕВЕНЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

Малолетничката деликвенција претставува сериозен општествен проблем кој директно го загрозува развојот и безбедноста на младите, но и на целокупната заедница. Насилството врз децата и младите е кршење на нивните основни човекови права и затоа е од клучно значење сите институции и поединци да вложат ресурси, време и експертиза во превентивни мерки со цел заштита и поддршка на ранливите групи.

Обединетите нации веќе одамна ја нагласуваат важноста од социјални, а не исклучиво казнени пристапи во контролата и намалувањето на малолетничката деликвенција. Така, насоките од Ријад и стандардните минимални правила за администрација на малолетничката правда (познати како Пекингските правила) ја потенцираат потребата од рана интервенција, која се смета за клучен дел од превенцијата на криминалот во општеството. Во овој контекст, превенцијата не е само обид да се казни прекршителот, туку и да се создадат услови за негов позитивен развој и реинтеграција.

Раната превенција и мултисекторски пристап

Раната интервенција во животот на младите е клучна за спречување на деликвентно однесување. Превентивните мерки мора да бидат комплексни и да ги опфатат индивидуалните, групните и општествените фактори кои влијаат на развојот на малолетничката деликвенција. Ова вклучува семејна поддршка, образовни програми, социјална инклузија, економски можности и рекреативни активности.

Во економскиот сектор, создавањето програми за професионален развој и обука на млади лица им овозможува законски и легитимни патишта за економска самостојност. Истражувањата покажуваат дека младите кои имаат пристап до образование, обука и работни места имаат помала веројатност да се вклучат во криминални активности, бидејќи нивните основни потреби и амбиции се исполнети на позитивен начин.

Образовните програми играат значајна улога во развојот на социјални и когнитивни вештини, како што се контрола на агресија, решавање конфликти и градење позитивна слика за себе. Тие помагаат да се разбијат стереотипите за „гламурот“ на криминалот и бандите, а исто така нудат алтернативи за личен и професионален развој. Квалитетното образование, особено кога е во комбинација со силна поддршка од семејството и здрави заедници е најмоќната алатка за превенција.

Рекреативни активности и урбана средина

Улогата на локалната заедница и животната средина во превенцијата на малолетничката деликвенција е многу значајна. Рекреативните активности, како спортски клубови, младински центри и попладневни активности, овозможуваат конструктивно исполнување на слободното време на младите и го намалуваат ризикот од вклучување во деликвентни групи. Примери од Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство покажуваат дека воведувањето кошаркарски турнири, младински клубови и игралишта значително го намалува криминалот во одредени населби.

Промените во урбаната средина, како подобрување на безбедноста на јавните простори, планирање нови паркови и создавање простори за социјални интеракции, ја намалуваат концентрацијата на ризични активности. Една студија од САД покажала дека редизајнот на еден парк во градот резултирал со значително намалување на криминалните активности поврзани со малолетници.

Улогата на локалните заедници и невладиниот сектор

Во последните години, се зголемува свеста за важноста на активната улога на локалните заедници во превенцијата на малолетничката деликвенција. Програмите за обука на лидери и волонтери од заедницата се насочени кон создавање мрежа на неформална контрола и поддршка на младите. Од младите се очекува да бидат партнери во процесот, со активно учество во донесувањето одлуки и спроведувањето на активности што ги зајакнуваат нивните социјални врски и одговорност.

Вклучувањето на невладини организации и јавни личности како спортисти, наставници и политичари ја зголемува ефикасноста на програмите, со што се создава атмосфера на доверба и мотивација кај младите.

Ресторативна правда како ефективна алтернатива

Ресторативната правда е современ и докажано ефикасен пристап за справување со повторливиот криминал кај малолетниците. Овој модел се заснова на процесот на помирување помеѓу сторителот, жртвата и заедницата, при што сите страни учествуваат во

развојот на решение што ќе ја поправи нанесената штета и ќе ја намали можноста за повторување на престапот.

Преку реституција, едукација и социјална поддршка, малолетниците се охрабруваат да преземат одговорност и да се вратат како позитивни членови на заедницата. Истражувањата покажуваат дека до 95% од учесниците во ресторативните програми ги исполнуваат своите обврски, а повторувањето на криминалните дејствија се намалува за околу 50%.

Заштита и поддршка на жртвите

Превенцијата на малолетничката деликвенција не смее да ја занемари и улогата на жртвите и нивната заштита. Жртвите имаат потреба од психолошка, правна и социјална поддршка за да го надминат трауматскиот настан и да го вратат својот живот во нормала. Заштитата на жртвите и сведоците е од суштинско значење за ефективно функционирање на правосудниот систем и намалување на стапките на криминал.

Предизвици и критики кон казнените пристапи

Иако казнените мерки како што се краткорочните притвори, „бут-камп“ програмите и традиционалната психотерапија се често применувани, а нивната ефикасност е ограничена. Во некои случаи, овие мерки можат да го влошат однесувањето на младите и да го зголемат ризикот од повторно вклучување во криминал. Особено тешко е да се менаџираат младите со сериозни и долготрајни проблеми во однесувањето, кои бараат поинтензивен и индивидуализиран пристап.

Превенцијата мора да биде холистички процес кој ќе ги земе предвид социо-економските, психолошките и срединските фактори што го обликуваат однесувањето на малолетниците.

Конкретни превентивни мерки за спречување на малолетничка деликвенција

1.Превенција на индивидуално ниво

- Психолошка поддршка и советување: Редовна психолошка помош за малолетници кои имаат проблеми со агресивно однесување, ниско самопочитување, трауми или семејни конфликти и Вклучување на психолог или социјален работник во училиштата и заедницата.

- Развој на социјални и емоционални вештини**:** Програми во училиштата кои ги учат децата како да го контролираат бесот, да решаваат конфликти ненасилно и да ја развиваат емпатијата.

- Едукација за животни вештини**:** обуки за управување со стрес, критичко размислување и донесување одлуки, со цел намалување на ризикот од ризично однесување.

2. Превенција на семејно ниво

- Програми за поддршка на родители**:** Обуки и семинари за подобрување на родителските вештини, како што се конзистентна дисциплина, позитивна комуникација и градење на доверба.

- Семејно советување: Медијација и советување за семејства со конфликти, домашно насилство или проблеми во комуникацијата, со цел да се намали негативното влијание врз децата.

- Финансиска поддршка и социјални услуги**:** Помош за семејства во социјално-економска криза, преку социјални услуги, парични надоместоци и програми за вработување .

3. Превенција на образовно ниво

- Образовни програми за превенција**:** Воведување на предмети или часови посветени на превенција од насилство, зависности и криминал, со фокус на етика, граѓанска свест и лична одговорност.

-Поддршка за успешност во училиште**:** Програми за поддршка на деца со тешкотии во учењето и социјалната интеграција, со цел да се намали ризикот од отпад и исклучување.

- Мотивирање на учениците: Спортски и уметнички активности, натпревари и клубови кои овозможуваат позитивни опции за исполнување на слободното време.

4. Превенција во заедницата и социјалното опкружување

- Младински центри и клубови**:** Создавање места каде младите можат конструктивно да го поминуваат времето, да се дружат и да развиваат таленти, со професионална поддршка и менторство.

- Спортски програми**:** Организирање спортски тимови и турнири кои го поттикнуваат тимскиот дух, дисциплината и почитта кон другите.

Активности за градење заедница**:** Вклучување на младите во волонтерски акции, еколошки проекти и социјални кампањи кои го зголемуваат нивното чувство за припадност и одговорност.

5. Превентивни мерки на институционално ниво

- Обучување на наставници и полиција**:** Подготовка на професионалци за препознавање и справување со ризично однесување кај малолетници, како и ефикасна комуникација со нив.

- Соработка помеѓу институциите**:** Координација меѓу училиштата, социјалните служби, полицијата и здравствените установи за навремено откривање и реакција на ризици.

-Програми за ресторативна правда**:** Воведување на алтернативни постапки за решавање на конфликтите и деликвентното однесување, со цел помирување и повторна интеграција на младите.

6. Превенција на општествено ниво

- Антидискриминациски политики**:** Активно спречување на социјалното исклучување, сегрегацијата и стигматизацијата на ранливите групи, кои можат да бидат поттикнувачи на деликвентност.

- Јавно здравствени кампањи**:** Подигање на свеста за штетноста од насилство, злоупотреба на дроги и алкохол, преку медиуми, работилници и образовни материјали.

-Поддршка за економска стабилност**:** Создавање услови за стабилно вработување, пристап до образование и социјални бенефиции за семејствата во ризик.

Имаме повеќе импликации на програми за спречување на малолетничката деликвенција во повеќе држави и земји. Еве неколку имплементирани програми за малолетничката деликвенција

(ЕИ)-Програми за развој на емоционална интелигенција во училиштата (различни земји)-Што претставува?

Обуки за учениците со цел подобрување на емоционалната регулација, емпатија, комуникација и решавање конфликти. Ефектите од истражувањата покажуваат намалување на агресивноста и деликвентното однесување, подобрување на академскиот успех и социјалната клима во училиштата. Овие програми се користат во САД, Европа и други региони.

Програма „Big Brothers Big Sisters“ (САД и други земји)-Што претставува?

Менторска програма во која возрасни волонтери стануваат ментори на ризични млади луѓе, нудејќи им поддршка, пријателство и позитивен модел за однесување.Со оваа програма докажано го намалува ризикот од деликвентно однесување, употреба на дроги и напуштање на училиште. Менторството ја зголемува самодовербата и ја подобрува социјалната интеграција. Оваа програма се спроведува во повеќе земји и може да се адаптира на локалните услови.

Програма „Multisystemic Therapy“ (MCT) (САД)-Што претставува?

Интензивна терапевтска интервенција која вклучува работа со семејството, училиштето и заедницата, фокусирана на намалување на ризиците и зајакнување на позитивните влијанија. Оваа програма значајно ја намалува повторната деликвентност и рецидивите кај малолетниците со сериозни проблеми. Се применува во многу земји со докажани добри резултати.

Во Република Северна Македонија една од успешните програми е воведување на повеќе програми и тоа Програма за превенција на малолетничка деликвенција на МВР-Спроведена од Министерството за внатрешни работи, оваа програма вклучува едукативни работилници, трибини и кампањи насочени кон ученици и родители. Фокусот е на подигање на свеста за ризиците од деликвентното однесување, промовирање на позитивни вредности и градење доверба меѓу младите и полицијата. Проектот „Здрави генерации“спроведуван од Министерството за здравство во соработка со образовни и здравствени институции. Целта е превенција на ризично однесување кај младите, вклучувајќи злоупотреба на алкохол, дрога и агресивно однесување, образовни програми и кампањи за промоција на здрав начин на живот. Превенција на насилство и малолетничка деликвенција во училиштата (UNICEF и локални партнерства**)** Проекти кои ги спроведуваат УНИЦЕФ и локални НВО-а во соработка со Министерството за образование. Вклучуваат обуки за наставници и ученици, промоција на ненасилна комуникација, и создавање безбедна училишна средина. Програма за заштита на правата на детето и спречување на малолетничка деликвенција – Центар за социјални работи фокусирана на семејната и социјална поддршка на деца и млади во ризик. Вклучува психосоцијална поддршка, интервенции во семејството, како и соработка со училиштата и полицијата, проекти на локални самоуправи (општини) .Многу општини спроведуваат локални превентивни програми, како спортски и културни активности за деца и млади, работилници за градење животни вештини и кампањи против насилство.Примери: Општина Карпош, Општина Гази Баба, Општина Центар.

Доста докажана и успешно реализирана е и програмата **„Безбедно растење“ -** програма за превенција на малолетничка деликвенција.

Целта на таа програма е да се намали ризикот од деликвентно однесување кај малолетници преку интегриран пристап кој вклучува семејство, училиште и заедница, со фокус на развој на позитивни вештини и поддршка.

- Истражување и собирање податоци за степенот и причините за малолетничка деликвенција во конкретната средина (урбана или рурална).

-Вклучување на локални институции (полиција, социјални служби, училишта) за добивање податоци и мапирање на ризични групи.

-Идентификација на главните ризици: семејни конфликти, насилство во училиштето, безработица кај родителите, недостаток од позитивни слободни активности, влијание на групи и банди.

-Едукација и развој на вештини преку Работилници за малолетници со теми: ,,Емоционална интелигенција и регулација" ,,Решавање конфликти и комуникација" ,,Значење на правилен избор на врснички групи" ,,Последици од деликвентното однесување и правните аспекти" Здрава употреба на слободното време (спорт, уметност, волонтерство)"

Обуки за наставници и воспитувачи за препознавање на предупредувачки знаци и правилна интервенција.

Вклучување и поддршка на семејството-Советувања за родители и семејства за градење подобра комуникација и воспитни вештини.

Поддршка за семејства со социјални или економски проблеми (преку социјални служби, психолог, финансиска помош).

Формирање родителски групи за размена на искуства и зајакнување на заедничка одговорност. Партнерство со заедницата преку -Креирање безбедни простори за младите: клубови, спортски терени, културни центри. Инволвирање на локални организации, цркви и невладини организации во поддршка на програмата. Јавни кампањи за подигнување на свеста за малолетничката деликвенција и нејзините последици.

Менторство и позитивни модели- Менторски програми кои поврзуваат млади со позитивни возрасни личности од заедницата. Интегрирање на поранешни деликвенти кои успешно се реинтегрирале како ментори и пример.

Мониторинг и евалуација- Редовно собирање податоци за напредокот на учесниците.

Оценка на ефективноста преку анкети, интервјуа и статистички податоци за деликвентни случаи. Адаптирање на програмата според добиените резултати и потреби. Целта на оваа програма е да биде инклузивна и прилагодена според културните и социјалните специфики.

Потребна е да се интегрира во повеќе сектори: образование, социјална заштита, полиција, здравство. Исто така важно е да се обезбеди финансиска и институционална поддршка за одржливост.

Од клучна важност е и активната партиципација на младите во креирање и спроведување на активностите. Оваа програма вклучува посети на малолетници во затворски установи каде тие директно ќе видат последиците од криминалното однесување и ќе слушнат искуства од затвореници. Иако е контроверзна и кај некои ефикасноста е спорна, кај дел од учесниците резултира со зајакнување на мотивацијата за избегнување на криминал и подобрување на однесувањето. Оваа програма се препорачува да се комбинира со други едукативни и советодавни активности за да се постигне долгорочна промена. Да се креираат безбедни простори за младите**:** клубови, спортски терени, културни центри. Да се инволвираат и локални организации, цркви и невладини организации во поддршка на програмата. Да се одржуваат и јавни кампањи за подигнување на свеста за малолетничката деликвенција и нејзините последици. Да се спроведуваат и менторски програми кои поврзуваат млади со позитивни возрасни личности од заедницата. Интегрирање на поранешни деликвенти кои успешно се реинтегрирале како ментори и пример. Редовно собирање податоци за напредокот на учесниците. Оценка на ефективноста преку анкети, интервјуа и статистички податоци за деликвентни случаи. Адаптирање на програмата според добиените резултати и потреби.

РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ

Некои аспекти на малолетничката деликвенција се универзални, додека други значително варираат во зависност од културниот, економскиот и социјалниот контекст. Културните специфики играат клучна улога во разбирањето на причините за ваквото однесување, како и во креирањето на ефективни, културно соодветни превентивни и интервенциски политики.

Африка-Во бројни африкански земји, малолетничката деликвенција често се поврзува со системска сиромаштија, висока невработеност и ограничен пристап до основни ресурси. Маргинализацијата на младите лица, особено оние кои потекнуваат од веќе обесправени социјални групи, значително го зголемува ризикот од вклучување во криминални активности. Секоја година околу 790.000 млади влегуваат на пазарот на трудот, додека економијата создава помалку од 60.000 нови работни места. Половина од домаќинствата живеат под линијата на сиромаштија. Дополнително, појавата на деца без дом, сирачиња и млади погодени од вооружени конфликти и ХИВ/СИДА придонесуваат за растот на

деликвентното однесување. Најчести форми на деликвенција се кражбите, грабежите, трговијата со дрога, проституцијата и злоупотребата на психоактивни супстанци[1].

Азија-Во азиските земји, малолетничката деликвенција е главно урбан феномен, при што младите претставуваат најактивниот сегмент на криминалната популација. Забележителен тренд во регионот е порастот на насилни дејствија извршени од млади лица, порастот на кривични дела поврзани со дрога, како и зголемување на женската деликвенција. Трговијата со луѓе, а собено во Југоисточна Азија, ги вклучува адолесцентите како жртви и понекогаш како извршители, при што многумина стануваат и зависници од дрога[2].

Латинска Америка- Во Латинска Америка, деликвенцијата меѓу младите е особено присутна во урбаните средини и се поврзува со економските последици од должничката криза, високи стапки на невработеност и социјална исклученост. Голем број деца и адолесценти живеат на улица, без пристап до образование, здравствена заштита и стабилна семејна поддршка. Уличните банди („maras“) често претставуваат замена за семејството, но и главен фактор за криминализација на младината[3].

Малолетничката деликвенција во индустриските земји- социјално-економски и културолошки контекст- Во индустриските земји (на пр. Германија, Франција, САД, Јапонија, Шведска), високото ниво на индустријализација, развиените социјални системи и силните правни институции создаваат основа за систематско и комплексно пристапување кон проблемот на малолетничката деликвенција. Во овие земји, просечната стапка на малолетничка криминалност варира, но генерално има тенденција на опаѓање, благодарение на ефикасни превентивни мерки.

Младите во овие земји имаат подобар пристап до образование, здравствени услуги и социјална поддршка, што овозможува рана интервенција и превенција. Меѓутоа, и покрај тоа, социјалната маргинализација, особено во урбаните средини, како и влијанието на негативни врснички групи, остануваат главни фактори за малолетничко деликвентно однесување.

САД – проблем со врсничко насилство и банди- Во Соединетите Американски Држави, особено во урбаните средини како Чикаго и Лос Анџелес, малолетничката деликвенција е тесно поврзана со активностите на врснички банди. Според податоците на Националниот центар за правда (NCJRS), околу 60% од малолетничките криминални дела во некои градови се поврзани со банди. Превентивните програми како *CeaseFire* и *Gang Reduction Program* се фокусираат на медијација, менторство и вклучување на заедницата за да го намалат насилството.

Германија – систем за ресоцијализација преку образование и социјална работа

Германија е позната по моделот на интеграција на малолетници преку образовни програми и работа со социјални службеници. Во државата, младите прекршители често се упатуваат во специјализирани образовни институции каде што добиваат психолошка поддршка и обука за социјални вештини. На пример, во Берлин е развиена програма која комбинира училиште и практична работа, со цел да се намали рецидивизмот кај малолетниците.

Шведска – третман на деликвентно однесување како дел од широка социјална политика- Шведскиот модел се базира на рана интервенција и партнерство меѓу семејството, училиштето и социјалните служби. Овде е воведена систематска процена на ризикот кај младите и индивидуални планови за поддршка. Пример е програмата *Familjehem* (семејни домови), каде малолетници се сместуваат во семејства кои им овозможуваат стабилна средина, наместо казнени установи.

Причини и фактори- Врсничко влијание и групна динамика: Во многу случаи, младите се инволвираат во деликвентни активности како резултат на притисок од врсници или желба за прифаќање во одредени групи.

Семејни услови: Родителскиот надзор, квалитетот на родителско дете однос и структурата на семејството се клучни фактори. Разводи, насилство во семејството или социјална небрежност се поврзани со зголемен ризик.

Психолошки и развојни фактори: Импулсивност, нарушувања во емоционалниот развој, и психички проблеми се релевантни кај дел од малолетниците вклучени во криминал.

Економски фактори: Иако во индустриските земји социјалните системи обезбедуваат одредена заштита, сè уште постои врска помеѓу сиромаштијата и деликвентното однесување.

Превенција и третман-Индустриските земји користат мултидисциплинарен пристап во справувањето со малолетничката деликвенција и тоа:

-Образовни програми и инклузија: Системот е насочен кон задржување на малолетниците во образовниот систем преку специјализирани програми и поддршка.

-Ресоцијализација и алтернативни санкции: Судовите често применуваат мерки како домашен притвор, општествено корисен труд или менторски програми наместо класично казнување.

-Терапевтски и социјални интервенции: Психолошка поддршка, терапија и работа со семејството се дел од обемните мерки за намалување на ризикот од повторување.

-Полиција и заедница: Полицијата е вклучена во рана детекција и интеракција со млади преку посебни единици за малолетничка деликвенција.

Малолетничката деликвенција на Балканот

Балканските земји се соочуваат со сериозни општествени и економски предизвици кои влијаат на малолетничката деликвенција. Процесите на транзиција од социјализмот кон пазарна економија, политичките конфликти, миграциските движења и високата невработеност создадоа услови за зголемување на социјалната исклученост, особено кај младите.

Недоволно развиените социјални и правни институции, заедно со слабото почитување на законите и корупцијата, создаваат поволна средина за развој на деликвентни обрасци кај младите.

Србија – зголемување на деликвенцијата во услови на транзиција
Истражувања од Република Србија укажуваат дека во периодот по 2000 година се забележал пораст на малолетничката деликвенција, особено во Белград и Нови Сад. Во многу случаи, младите се вклучуваат во ситни кражби и насилнички дела, што е поврзано со економската криза и недоволната социјална поддршка. Програмите за превенција се ограничени и често се спроведуваат од страна на невладини организации како што е Центарот за социјални иницијативи „Дуга“ кој работи со ризични млади.

Хрватска – борба против малолетничкото насилство преку образовни програми
Во Хрватска, Министерството за внатрешни работи и образованието развија програми за едукација на ученици и наставници за превенција на малолетничката деликвенција, особено врсничкото насилство. Во Загреб, програмата *Škola bez nasilja* (училиште без насилство) има за цел да ги намали конфликтите преку медијација и поддршка на учениците.

Македонија – улогата на социјалните служби и локалните заедници
Во Република Северна Македонија, малолетничката деликвенција е повеќе изразена во урбаните средини како Скопје и Тетово. Тука, младите често се вклучуваат во ситни кражби и употреба на дрога. Сепак, локални иницијативи како „Центарот за социјална работа“ и „Младински образовни центри“ работат на развој на превентивни програми, вклучувајќи работилници за животни вештини, спортски активности и советување.

Како причини и фактори се појавуваат:

Економски проблеми: Сиромаштијата и невработеноста се едни од главните фактори кои придонесуваат за деликвентното однесување. Младите без пристап до работа и образование се изложени на ризик од вклучување во криминал.

Семејна структура и социјални услови: Семејствата често се нарушени од економски стрес и социјални тензии. Недостатокот на родителски надзор и социјална поддршка ја зголемува ранливоста.

Криминални и неформални групи: Во некои урбани средини, присуството на банди и организирани криминални групи игра значајна улога во влијанието врз малолетниците.

Образовни проблеми: Недостатокот на квалитетно образование, рано напуштање на училиште и недостаток на алтернативни можности ја зголемуваат веројатноста за деликвентни активности.

Превентивни и реактивни мерки

Балканските земји сè уште се во процес на развој и усовршување на механизми за справување со малолетничката деликвенција. Главните проблеми вклучуваат:

Недостаток на специјализирани институции и програми за ресоцијализација;

Недоволна координација меѓу социјалните служби, образованието и полицијата;

Неразвиена база на податоци и истражувања за длабинско разбирање на феноменот;

Слабост во примената на законските мерки и недоволна заштита на правата на малолетниците.

Меѓутоа, во последните години се забележуваат позитивни поместувања како што се воведувањето на европски стандарди, развојот на превентивни програми преку невладини организации и зголемена свест за важноста на образованието и социјалната поддршка.

ВТОР ДЕЛ

2. **МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

2,1. ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ОДНОСНО ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувачки проблем може да биде формулиран како ,,Испитувањето на социјалните, семејните и психолошките фактори кои влијаат врз појавата на деликвентното однесување кај малолетниците во урбаните и руралните средини.

Како клучни аспекти на предметот на истражување можат да бидат:

1.Социјалните фактори:

-Влијанието на врсниците т.е групата на врсницикои се вклучени во криминални активности и асоцијални однесувања,

-Улогата на социјалната средина на малолетникот,

2.Семејните фактори

-Недостаток на родителска грижа и надзор,

-Конфликтни семејни односи како што се развод, запоставеност ,насилство

-Економски статус на семејството и нивото на семејната поддршка

3.Психолошки фактори

-Присуство на психолошки проблем кај малолетниците (агресивност, импулсивност , нетолерантност)

-Емоционална нестабилност како резултат на семејни или анксиозност како резултат на семејни или социјални проблеми

4. Економски фактори

-Влијанието на сиромаштијата и недостаток на можности врз криминалното однесување.

2.2 ЦЕЛИ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е да се идентификуваат и анализираат клучните фактори кои придонесуваат за појава на малолетничка деликвенција, како и да се предложат мерки за нивно спречување**.**

Општата цел е е конечниот исход што сакаме да го постигнеме, а тоа е како семејството, средината и врсниците имаат влијание врз развојот на девијантното однесување . Оваа цел ги прифаќа пошироките аспекти на проблемот. Како општа цел можеме да ги спомнеме причинско последичните врски кои влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција, се со цел да се развијат стратегии кои ќе помогнат во намалување на деликвентното однесување. Да се постигне длабоко разбирање на малолетничката деликвенција преку анализирање на релевантни фактори.

Истражувачката цел е да се идентификуваат клучните семејни, социјални и психолошки фактори кои влијаат врз појавата на малолетничката деликвенција. Да се утврдат различните видово на семејни структури кои влијаат врз појавата на асоцијално однесување.

Да се направи анализа врз улогата на образовните институции и врсничките групи во развојот на малолетничката деликвенција.

Да се предложат мерки за рана интервенција и превенција за намалување на малолетничката деликвенција.

2.3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачи на истражувањето се

Да се направи преглед на литература на постојачката малолетничка деликвенција , со посебен акцент на социјалните,семејните и психолошките фактори.

Да се анализираат различните типови на семејни структури и начинот на воспитување и нивното влијание врз деликвентното однесување кај малолетниците.

Да се согледа улогата на социјалната средина, врсничките групи и училиштето во развојот на девијантното однесување.

Да се направи идентификација на психолошките фактори како што се: импулсивноста, емоционалната нестабилност и менталните нарушувања, кои можат да придонесат до деликвентно однесување.

Испитување на економските и образовните фактори како што се: сиромаштијата , економските услови и успехот во училиштето како влијаат врз појавата на малолетничка деликвенција.

Исто така задача на истражувањето е да се направи емпириско истражување (анкети, интервјуа, скали на проценка , студии на случај) со малолетници **,** нивните родители, наставници, социјални работници за да можеме да ги собереме податоците и да ги утврдиме факторите што придонесуваат до ваквото асоцијално однесување.

2.4 ХИПОТЕЗИ

2.4.1 Формулација на општа хипотеза

Генерално општата хипотеза за појава на малолетничката деликвенција може да произлезе како резултат на повеќе поврзани фактори како што се социо-економски фактор , семејството како фактор и образовните институции како фактор .

2.4.2 Формулација на посебни хипотези

Од главната и општа хипотеза издвојуваме неколку потхипотези

1.1. Структурата на семејството и меѓусемејните односи можат да влијаат врз појавата на деликвентното однесување.

1.2. Нестабилната семејна структура како што се: развод, разделба на родителите исто така можат да го зглемуваат ризикот од појава на малолетничката деликвенција.

1.2.1 Насилството и конфликтите во семејството како физичко така и психичко малтертирање ја поттикнуваат појавата на малолетничката деликвенција.

1.2.2. Занемарувањето и недостигот на родителска контрола и надзорот на родителска грижа ја зголемуваат појавата на малолетничката деликвенција,

1.2.3. Слабата емоцијонална поврзаност помеѓу родителите и децата влијае врз појава на малолетничка деликвенција,

1.2.4. Прекумерната строгост или авторитет во воспитувањето предизвикува бунтовно однесување и води кон појава на деликвентност,

2.1 Нискиот социо-економски статус можеби е значителен фактор врз појава на малоленичка деликвенција

2.5 Варијабли на истражувањето

Во истражувањето на малолетничката деликвенција варијаблите се клучни за мерење и анализа на појавата. Варијаблите можат да бидат независни (оние кои влијаат врз деликвенцијата) и зависни (самата деликвенција како последица.)

Зависните варијабли се оние кои се предмет на влијанието и промената како резултат на одредени фактори. На малолетничката деликвенција како зависни варијабли можат да бидат :

-Нивото на агресивност или насилство при извршување на делата;

-Тип на кривични дела (тешки прекршоци, малолетни прекршоци, пекршоци поврзани со дрога и алкохол);

- Повторување на деликвентното однесување.

Независните варијабли се оние кои влијаат врз интензитетот на деликвентното однесување . Овие варијабли можат да бидат од различни аспекти на животната средина, личноста, како и општествените услови.

- Семејни фактори (присуство на развод на родителите или дисфункционално семејство, насилство во семејството, социолошки статус на семејството);
- Образовни фактори(недостик на дисциплина во образованието,односите со врсниците и наставниците);
- Врснички притисоци (Имитација на негативни модели на однесување, учество во група со девијантно однесување);
- Психолошки и лични фактори (психолошко нарушување како депресија, анксиозност, ниска самодоверба и емоционална нестабилност, импулсивност и недостаток на самоконтрола);
- Институционални и правни фактори (недостаток на ефикасни превентивни мерки, слабости во правниот систем како недоволна казненост итн).

2.6. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Малолетничката деликвенција може да користи различни методи, техники и инструменти за да се добијат одредени податоци. Во случајот на истражувањето појава на малолетничка деликвенција и влијанието на родителите врз појавата на малолетничката деликвенција ќе се спроведе емпирискиот метод т.е искуствениот метод каде ќе се докажат постоечките теории и знаења воедно ќе се користи експериментален и неекспериментален метод.

Од иструментите за истражување ќе ги користам психолошките скали за проценка како:

Скала за меѓуврсничка интеракција во основните училишта, каде учениците треба со знакот х да го означат она што го сметаат својствено за себе со заокружување на : многу, понекогаш, никогаш .Целта на испитувањето на оваа скала е да се согледа мислењето на учениците и нивните меѓуврсничката инеракција.

Скала на перцепција на семејните односи каде што учениците одговараат на скалата за својот татко и својата мајка - неточно,- делумно точно и- точно со заокружување на 1. Неточно, 2. Делумно точно и 3. Точно

Во овој прашалник се наоѓаат тврдења кои ги опишуваат различните односи помеѓу децата и нивните родители.

Мултидимензионална скала на врсничко насилство за да се испита нивото на врсничкото насилство со зокружување на 1-никогаш, 2-понекогаш, 3- често, 4- многу често. Целта на оваа скала е да се испита до кое ниво кај децата има физичко и психичко насилство со нивните врсници.

2.7. Техника за обработка на податоците

Планираните инструменти беа спроведат со физичко присуство во основните училишта, а потоа податоците се обработија со SPSS програмата. Во статистичката обработка на податоците беше користена дескриптивна статистика , Т- тест и корелација на испитувањето со Пирсанов коефициент.

2.8. Популација и примерок

Во истражувањето беше користен прилагоден примерок, кој примерок броеше 60 испитаници, сите малолетници (на возраст од 12 до 14 години) сите тие беа селектирани по случаен избор од страна на училиштето.

Како популација која е опфатена во истражувањето се ученици од две основни училишта во градот и општина Струмица. Со тоа што во едното основно училиште ОУ-,,Видое Подгорец”- се деца од чиста македонска националност, а во другото основно училиште ОУ-,,Маршал Тито”- се ученици од чиста турска националност. Во истражувањето беа опфатени по 30 ученици од двете училишта каде подеднакво беше застапеноста и на машкиот и на женскиот пол и тоа по 15 девојчиња и 15 момчиња од турска националност и 15 девојчиња и 15 момчиња од македонска националност.

Примерокот на истражување е прилагоден т.е се правеше истражување на оние ученици кои во моментот беа присутни , а изборот на ученици беше случаен.

Целта на оваа истражување е да се направи корелација помеѓу македонската и турската националност, т.е да се согледа дали има поголема застапеност на деликвентно однесување кај децата кои се од македонска националност или децата од турска националност, како и дали појавата на деликвентното однесување е подеднакво иста и кај двете националности.

2.9. Организација и спроведување на истражувањето

Ова истражување е спроведено организирано врз основа на Нацрт планот на истражување. Според планот и методологијата на истражување податоците ќе бидат обработени и инттерпетирани до крајот на декември 2024 година.

Истражувањето се спроведе на ученици во основновните училишта ОУ„ Видое Подгорец,,-деца (ученици) од македонска националност и ОУ,, Маршал Тито”- деца (ученици) од турска националност. Испитаниците се деца (ученици) од седмо, осмо и девето одделение , каде подеднакво беа застапени ученици и од макеедонска националност и од турска националност. Пополнувањето на инструментите се изведе во времетраење од 10 до 15 минути кај децата (ученици) од македонска националност , додека кај учениците од турската националност времетраењето беше нешто подолго поради потешкотии со македонскиот јазик и неговото писмо. За спроведување на оваа истражување децата претходно веќе беа запознаени, како и нивните родители и наставниците.

ТРЕТ ДЕЛ

АНАЛИЗА И ИНТЕРПЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

1.АНАЛИЗА И ИНТЕРПЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИНСТРУМЕНТИТЕ

После завршувањето на фазата на собирање на податоците следува фазата на анализа и интерпетација на добиените податоци .

Во продолжение ќе бидат прикажани табели и нивна интерпретација од добиените резултати од истражувањето.

Најпрво се прикажани табелите со описна статистика според пол, возраст и националност

Описна статистика

	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Возраст	62	12	16	13.40	0.914
Важечки N (по листа)	62				

Во оваа табела е прикажана интерпетација според возраста на малолетните испитаници

Возрасен опсег (12–16 години):
Испитаниците се сите малолетници, во период кога личноста е подложна на интензивни психолошки, емоционални и социјални промени. Овој период е критичен за развој на однесување, вклучувајќи и ризици поврзани со деликвенција.

Средна возраст – 13.4 години:-Ова укажува дека поголемиот дел од испитаниците се во раната адолесценција. Овој период често се поврзува со зголемено истражување на граници и авторитет, што може да резултира со ризично или девијантно однесување.

Стандардна девијација – 0.914:-Ова покажува дека повеќето испитаници имаат слична возраст, односно нема големи разлики во возраста. Тоа е важно бидејќи деликвенцијата кај адолесцентите може да варира значително според возраста – обично се зголемува во средна и доцна адолесценција.

Пол					
		Фреквенција	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
Важечки	Машки	31	49.2	50.0	50.0
	Женски	31	49.2	50.0	100.0
	Вкупно	62	98.4	100.0	
Недостигаат	Системски	1	1.6		
Вкупно		63	100.0		

Во оваа табела е прикажана интерпетација на резултатите според полот на малолетните испитувачи.

Од добиените интерпретирања можеме да заклучиме дека имаме подеднаква застапеност и на машкиот и на женскиот пол.

Рамноправна застапеност: Од вкупно 62 важечки испитаници, **половина се машки (31)** и **половина женски (31)**. Ова овозможува **објективна споредба** на малолетничката деликвенција помеѓу половите.

Националност					
		Фреквенција	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
Важечки	Македонска	33	52.4	52.4	52.4
	Турска	30	47.6	47.6	100.0
	Вкупно	63	100.0	100.0	

Во оваа табела е направена интерпетација според националноста на малолетничките инспитаници кое според испитувањето се добија следните резултати. Од добиените резултати можеме да заклучиме дека:

Имаме **речиси еднаква застапеност**: Од вкупно 63 испитаници,

33 се со **македонска** националност (52.4%),

30 со **турска** (47.6%).

Овој однос е близу до рамнотежа, што овозможува релативно непристрасна споредба на податоците според националност. Нема отстапувања или недостиг од податоци: Сите 63 испитаници имаат наведен податок за национална припадност — што го прави сетот целосен и погоден за анализа.

Во продолжение се прикажани табели во која е направена интерпретација на испитаниците според број на членови. Живее во пошироко/ потесно семејство, како и приложување на добиените резултати и нивни заклучоци.

Живее со пошироко семејство

		Фреквенција	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
Важечки	Не	45	71.4	72.6	72.6
	Да	17	27.0	27.4	100.0
	Вкупно	62	98.4	100.0	
Недостигаат	Системски	1	1.6		
Вкупно		63	100.0		

Во оваа табела е направена интерпертација на резултатите според испитаниците -Живее во пошироко семејство, кое според интерпертацијата се добија следните резултати

Од вкупен број испитаници (N): 63, Важечки одговори: 62 (98.4%) Недостигачки податоци: 1 (1.6%). Распределба на живеењето со пошироко семејство - Не живеат со пошироко семејство: 45 испитаници (72.6%), Да- Живеат со пошироко семејство: 17 испитаници (27.4%) Големо мнозинство од испитаниците (72.6%) не живеат во пошироко семејство, што укажува дека најголем дел растат во нуклеарно семејство (родители и деца).

Само 27.4% од испитаниците живеат со пошироко семејство, односно со баба/дедо, чичковци, тетки и сл.

Живее во повеќедетно семејство					
		Фреквенција	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
Важечки	Не	30	47.6	48.4	48.4
	Да	32	50.8	51.6	100.0
	Вкупно	62	98.4	100.0	
Недостигаат	Системски	1	1.6		
Вкупно		63	100.0		

Во оваа табела е прикажана интерпетација на малолетни инспитаници во повеќедетни семејства, во кое според испитувањата се добија следните резултати :

Речиси еднаква застапеност: 51.6% од испитаниците живеат во повеќедетно семејство, додека 48.4% не живеат.

Ова значи дека половина од испитаниците растат **со повеќе браќа/сестри**.

Од интерпетација според горенаведените табели **пол**, **возраст**, **националност**, **Живее во пошироко семејство и Живее во повеќедетно семејство** доаѓаме до следниот заклучок :

Од вкупно 31 машки испитаника, 7 живеат со пошироко семејство, додека 24 испитаника не живеат.

Од вкупно 31 женски испитаник, 10 живеат со пошироко семејство, додека 21 не живеат.

Од сето ова доаѓаме до заклучок дека поголем процент на машки испитаници не живеат во пошироко семејство (77.4%) во споредба со женски (67.7%).

Женските испитаници имаат нешто поголема застапеност на живеење со пошироко семејство.

12–13 години:Поголем број од оваа возраст не живеат со пошироко семејство, без оглед на полот. Женските имаат нешто поголема застапеност во живеење со пошироко семејство отколку машките.

14–16 години:Поголемиот број испитаници повторно не живеат со пошироко семејство. Машките и женските во оваа група имаат слична распределба како и во помладата горенаведена возраст.

Во продолжение се приложени вкрстени табулации и интерпетација на добиените резултати.

Живее со пошироко семејство * Националност - Вкрстена табулација

		Националност		Вкупно
		Македонска	Турска	
Живее со пошироко	Не	23	22	45

семејство	Да	9	8	17
Вкупно		32	30	62

Во оваа табела *е приложена вкрстена табулација според националноста и поширокото семејство , а од дадената табела дојдовме до следната интерпетација на резултатите:*

Националност (македонска и турска),

Живеење со пошироко семејство (Да или Не).

И кај македонските и кај турските испитаници, значително повеќе од нив не живеат со пошироко семејство.

-Од вкупно 32 Македонци, **23 (72%) не** живеат со пошироко семејство.

-Од вкупно 30 Турци, **22 (73%) не** живеат со пошироко семејство.

Пропорциите од добиените резултати се речиси идентични, што покажува дека националноста не е значаен фактор во однос на ова прашање.

Живее во повеќедетно семејство * Националност - Вкрстена табулација

		Националност		
		Македонска	Турска	Вкупно
Живее во повеќедетно семејство	Не	12	18	30
	Да	20	12	32
Вкупно		32	30	62

Во оваа табела е приложена вкрстена табулација според повеќедетно семејство и националноста, а д следната табела дојдовме до следната инерпертација на резултатите.

Според табелата е прикажано следново:

македонски испитаници: поголем дел од нив (20 од 32, односно 62.5%) живеат во повеќедетно семејство.

турски испитаници: поголем дел од нив (18 од 30, односно 60%) не живеат во повеќедетно семејство.

Кај Македонците се забележува тенденција на повеќедетни семејства.

Кај Турците, обратно, е повисок процентот на малолетници кои не живеат во повеќедетно семејство.

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) * Националност

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)

Националност	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Македонска	32	1.00	8.98	2.0653	1.62918
Турска	30	1.00	5.91	2.2853	1.36306
Вкупно	62	1.00	8.98	2.1718	1.49814

Во оваа табела е приложена- *Анализа на меѓуврсничката деликвентна интеракција (T1) според национална припадност* Истражувањето ги споредува нивоата на меѓуврсничка деликвентна интеракција кај две етнички групи: Број на испитаници-Македонска националност (N=32), Турска националност (N=30)

Средни вредности (просеци)-Македонска група: 2.0653, -Турска група: 2.2853

Турската група покажува нешто повисок просек на деликвентна интеракција, но

сепак, разликата е релативно мала (2.0653 vs. 2.2853), што не укажува на драматични разлики меѓу групите.

Стандардно отстапување (варијабилност) Македонска група: 1.62918, -Турска група: 1.36306,-според резултатите од обработката :Македонската група има поголема варијабилност во однесувањето, што значи: Поширок спектар на однесувања – од многу ниски до многу високи нивоа на деликвенција. Присуство на поединечни "аутлаери" (индивидуи со екстремно високи резултати, што го зголемува максимумот на 8.98). Турската група е хомогенија, што сугерира поголема сличност меѓу нејзините членови.

Минимални и максимални вредности- Минимумот (1.00) е ист за двете групи – што укажува на слична "основна линија" на однесување. Максимумот:Македонци: 8.98 Турци: 5.9

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) * Пол

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)					
Пол	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Машки	30	1.00	8.98	2.4990	1.83996
Женски	31	1.00	3.86	1.7477	0.79306
Total	61	1.00	8.98	2.1172	1.44713

Во оваа табела е направена интерпетација на меѓуврсничка деликвенција T1 според полот, од добиеното испитување се добиени следните резултати:

Анализата на меѓуврсничката деликвентна интеракција (T1) според пол покажува значајни разлики меѓу машките и женските испитаници. Еве детален преглед на податоците и интерпретација:

Средна вредност (просек)-Машките имаат значително повисок просек на индексот (2.4990) во однос на женските (1.7477). Ова укажува дека машките адолесценти почесто учествуваат во деликвентни интеракции со врсници.

Стандардно отстапување-Кај машките е повисоко (1.83996), што значи дека има поголема разновидност на однесување — некои машки покажуваат многу високо ниво на деликвентна интеракција. Кај женските, отстапувањето е многу пониско (0.79306), што укажува на поеднообразно, пониско ниво на деликвентна интеракција.

Максимум и минимум- И кај двата пола, минимумот е ист (1.00), што претставува базично, ниско ниво на деликвентна интеракција. Максимумот кај машките е 8.98, што е многу повисоко од максимумот кај женските (3.86), што повторно покажува дека машките поединци се повеќе склони кон екстремно однесување.

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) * Живее со пошироко семејство					
Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)					
Живее со пошироко семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	44	1.00	8.98	2.1733	1.52813
Да	17	1.00	5.91	1.9722	1.24357
Вкупно	61	1.00	8.98	2.1172	1.44713

Во оваа табела е прикажано анализа на испитување на меѓуврсничката деликвенција Т1 – Живее во пошироко семејство и според анализата се добиени следните резултати:

Анализата на малолетничката деликвенција според индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (Т1) и според тоа дали адолесцентот живее со пошироко семејство**, открива** умерени разлики меѓу двете групи.

Средна вредност (просек)-Лицата кои не живеат со пошироко семејство имаат нешто повисок просек на деликвентна интеракција (2.1733) во споредба со оние кои живеат со пошироко семејство (1.9722). Ова укажува дека живеењето со пошироко семејство може да има умерено заштитно влијание, но разликата не е драматична.

Стандардно отстапување- групата „**Не**“ има поголемо отстапување (1.52813), што значи дека постои поширок распон на однесување — некои адолесценти во оваа група имаат значително повисоко ниво на деликвентна интеракција. Кај оние што живеат со пошироко семејство, отстапувањето е пониско (1.24357), што укажува на похомогено и умерено однесување.

Максимум и минимум**-о** И двете групи имаат ист минимум (1.00), што укажува на присуство на адолесценти со ниско деликвентно однесување. Максималната вредност е значително повисока кај групата што не живее со пошироко семејство (8.98), во споредба со 5.91 кај другата група.

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (Т1) * Живее во повеќедетно семејство

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (Т1)

Живее во повеќедетно семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	30	1.00	8.98	2.2877	1.72726
Да	31	1.00	5.91	1.9523	1.11680
Вкупно	61	1.00	8.98	2.1172	1.44713

Во оваа табела е прикажан индекс на меѓуврсничка деликвенција интеракција Т1 живее во повеќедетно семејство , а според анализата се добиени следните резултати:

Анализата на меѓуврсничката деликвентна интеракција (T1) според тоа дали адолесцентот живее во повеќедетно семејство (семејство со три или повеќе деца) открива одредени разлики кои може да имаат социјални импликации. Еве подетален осврт:

Средна вредност (просек)-Испитаниците кои не живеат во повеќедетно семејство имаат повисок просек од (2.2877) на индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција, отколку оние што живеат во повеќедетно семејство од (1.9523). Ова укажува дека живеењето со повеќе браќа/сестри може да има умерен заштитен ефект врз деликвентното однесување.

Стандардно отстапување-Поголемото отстапување кај групата „**Не**“ (1.72726) укажува на поширок спектар на однесување — некои поединци во оваа група покажуваат значително повисоко деликвентно однесување. Групата „**Да**“ има пониско отстапување (1.11680), што покажува постабилно и пониско ниво на девијантна интеракција.

Максимум и минимум- И двете групи имаат ист минимум (1.00), но максимумот кај групата „**Не**“ е значително повисок (8.98) отколку кај „**Да**“ (5.91). Ова укажува дека екстремните случаи на деликвентно однесување се почести кај адолесцентите кои не доаѓаат од повеќедетни семејства.

Индекс на врсничко насилство (T2) * Националност

Индекс на врсничко насилство (T2)

Националност	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Македонска	33	1.00	4.21	1.5898	0.79531
Турска	30	1.00	7.67	2.4752	1.74205
Вкупно		1.00	7.67	2.0114	1.39449

Во оваа табела е направена анализа на индекс врсничко насилство T2 според Националноста, а според добиената анализа дојдовме до следните резултати

Анализата на **Индексот на врсничко насилство (T2)** според **националност** открива јасни разлики помеѓу младите од македонска и турска етничка припадност.

Средна вредност (просек)- Турските ученици имаат значително повисок просек на индексот на врсничко насилство (2.4752) во споредба со македонските (1.5898). Ова укажува на поголема застапеност на врсничко насилство кај младите од турска националност.

Стандардно отстапување- Кај турската група отстапувањето е многу поголемо (1.74205), што значи дека има поширок распон на насилно однесување – од многу ниско до високо. Македонската група има помало отстапување (0.79531), што покажува похомогено и помалку агресивно однесување.

Максимум и минимум- Минималната вредност е иста кај двете групи (1.00), што значи дека во обете групи има испитаници кои покажуваат најниско ниво на насилство. Но, максимумот кај турската група е далеку повисок (7.67) отколку кај македонската (4.21), што укажува дека екстремните форми на врсничко насилство се почести кај турската група.

Индекс на врсничко насилство (T2) * Пол

Индекс на врсничко насилство (T2)

Пол	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Машки	31	1.00	7.67	2.2962	1.76000
Женски	31	1.00	4.10	1.6555	0.73809
Вкупно	62	1.00	7.67	1.9759	1.37682

Во оваа табела е направена анализа на индекс на насилство Т2 според полот, а од дадената анализа се добиени следните резултати

Анализата на Индексот на врсничко насилство (Т2) според пол открива значајни разлики помеѓу машките и женските адолесценти во поглед на нивната вклученост во насилно однесување меѓу врсници. Ова се главните наоди од табелата:

Средна вредност (просек)-Машките адолесценти имаат значително повисок просек на индексот на врсничко насилство (2.2962) во споредба со женските (1.6555). Ова укажува дека машките почесто учествуваат во врсничко насилство или покажуваат поизразено агресивно однесување.

Стандардно отстапување-Машките покажуваат поголема варијација во нивното однесување (SD = 1.76), што значи дека некои од нив се вклучени во екстремни форми на насилство. Женските имаат помало отстапување (SD = 0.738), што укажува на похомогено и воопшто поумерено однесување.

Максимум и минимум- И двете групи имаат ист минимум (1.00), што значи дека и кај момчињата и кај девојчињата има испитаници со многу ниско или отсуство на насилно однесување. Но, кај машките максимумот е далеку повисок (7.67) отколку кај женските (4.10), што укажува на потенцијално повисоки нивоа на агресија кај дел од машките.

Индекс на врсничко насилство (T2) * Живее со пошироко семејство

Индекс на врсничко насилство (T2)					
Живее со пошироко семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	45	1.00	7.67	1.9902	1.35096
Да	17	1.12	7.27	1.9379	1.48527
Вкупно	62	1.00	7.67	1.9759	1.37682

Во оваа табела е направена анализа на индекс на врсничко насилство T2 Живее со пошироко семејство, а од дадената анализа се добиени следните резултати

Анализата на Индексот на врсничко насилство (T2) според тоа дали малолетникот живее со пошироко семејство (т.е. со баба, дедо, чичковци и сл.) дава увид во тоа дали ваквата семејна структура има влијание врз нивото на врсничко насилство кај адолесцентите.

Средна вредност (просек)-Младите кои не живеат со пошироко семејство имаат нешто повисок просек (1.9902) на врсничко насилство во однос на оние кои живеат со пошироко семејство (1.9379), но разликата е минимална. Ова укажува дека живеењето со пошироко семејство не игра значајна улога во промената на нивото на врсничко насилство.

Стандардно отстапување-Стандардното отстапување кај групата „Да“ е малку повисоко (1.48527) од кај групата „Не“ (1.35096), што сугерира поголема варијација во однесувањето кај оние што живеат со пошироко семејство. Ова може да значи дека во тие семејства постојат случаи и на многу ниско и на релативно високо насилно однесување – односно не постои јасен тренд на намалување или зголемување.

Минимум и максимум- Минималната вредност е малку повисока кај групата „Да“ (1.12) од „Не“ (1.00), но не е значајно. Максимумите се слични (7.67 кај „Не“, 7.27 кај „Да“), што укажува дека екстремни случаи на насилство се јавуваат во двете групи.

Индекс на врсничко насилство (T2) * Живее во повеќедетно семејство

Индекс на врсничко насилство (T2)					
Живее во повеќедетно семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	30	1.00	5.23	1.9666	1.17059
Да	32	1.00	7.67	1.9846	1.56464
Вкупно	62	1.00	7.67	1.9759	1.37682

Во оваа табела е направена анализа на врсничко насилство T2 во однос на Живее во повеќедетно семејство, а според дадената анализа добиени се следните резултати:

Анализа на меѓуврсничко насилство (Индекс T2) според типот на семејство: повеќедетно или не.

Оваа анализа го разгледува индексот на врсничко насилство кај адолесцентите според тоа дали живеат во повеќедетно семејство или не. Податоците се анализирани преку средни вредности, минимални и максимални резултати, како и стандардно отстапување.

Средна вредност (просек**)-** Младите кои живеат во повеќедетно семејство имаат мала, но нешто повисока просечна вредност на индексот на насилство (1.9846) во однос на оние што не живеат во такво семејство (**1.**9666). Разликата е минимална, што сугерира дека типот на семејство сам по себе не е силен фактор за ниво на врсничко насилство.

Стандардно отстапување**-** Кај испитаниците што живеат во повеќедетни семејства, варијацијата во резултатите е поголема (1.56464**)**, што покажува дека во оваа група има и случаи со повисоки нивоа на агресија. Кај оние што не живеат во повеќедетно семејство, отстапувањето е помало (1.17059), што укажува на поуниформно, умерено однесување.

Максимум**:** Максималниот индекс е значително повисок кај оние што живеат во повеќедетно семејство (7.67), додека кај другата група е (5.23). Тоа укажува на поголема појава на екстремни случаи на насилство кај младите што растат со повеќе браќа и сестри.

Индекс на квалитет на семејни односи (T3) * Националност

Индекс на квалитет на семејни односи (T3)

Националност	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Македонска	32	1.36	4.51	2.2144	0.80739
Турска	30	2.23	5.88	3.9024	1.07410
Вкупно	62	1.36	5.88	3.0311	1.26612

ТВо оваа табела - е прикажана-Анализа: Малолетничка деликвенција според квалитет на семејни односи (T3) и националност.

Табелата ги прикажува податоците за индексот на квалитет на семејни односи (T3) според националност (македонска и турска). Овој индекс се разгледува како потенцијален заштитен фактор од малолетничка деликвенција. А од сето тоа доаѓаме до заклучок дека

имаме- Значителна разлика во просечниот квалитет на семејните односи. Турските испитаници имаат значително повисока средна вредност (3.90) во однос на македонските (2.21).Ова укажува дека турските млади доживуваат подобри семејни односи, што е значаен заштитен фактор против деликвенција.

Импликација за малолетничка деликвенција- Истражувањата покажуваат дека низок квалитет на семејните односи е поврзан со повисок ризик за деликвентно однесување (кражби, агресија, нарушување на правила). Според тоа, македонските испитаници, кај кои е забележан понизок индекс, може да се наоѓаат во поголем ризик од малолетничка деликвенција, особено ако други фактори како врснички притисок или сиромаштија се исто така присутни.

Стандардно отстапување- Турската група има и поголемо стандардно отстапување, што укажува на поголеми индивидуални разлики во перцепцијата на семејните односи. Ова сугерира дека иако просекот е висок, некои испитаници можат сепак да доживуваат проблеми во однесувањето.

Индекс на квалитет на семејни односи (T3) * Пол

Индекс на квалитет на семејни односи (T3)

Пол	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Машки	30	1.36	5.88	3.0663	1.40961
Женски	31	1.45	5.19	2.9494	1.12149
Вкупно	61	1.36	5.88	3.0069	1.26203

Во оваа табела е направена анализа на индекс на квалитет на семејни односи според полот, а од добиената анализа се добиени следните резултати- Оваа анализа го разгледува **индексот на квалитет на семејни односи (T3)** кај машки и женски испитаници, со цел да се согледа потенцијалното влијание врз **малолетничката деликвенција**. Според дадената табела ги добивме следните резултати-

Мали полови разлики во перцепцијата на семејните односи: Машките испитаници пријавуваат малку повисок просечен квалитет на семејни односи (3.07) од женските (2.95), но разликата е мала и може да не е статистички значајна без понатамошна анализа.

Стандардно отстапување: Машките испитаници имаат поголемо отстапување (1.41) отколку женските (1.12), што укажува дека машките доживуваат поширок спектар на искуства во семејната средина, од многу позитивни до многу негативни.

Индекс на квалитет на семејни односи (T3) * Живее со пошироко семејство

Индекс на квалитет на семејни односи (T3)

Живее со пошироко семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	44	1.36	5.88	3.0766	1.30499
Да	17	1.36	5.19	2.8265	1.16102
Вкупно	61	1.36	5.88	3.0069	1.26203

Во оваа табела е направена е анализа на Индекс на семејни односи Т3 Живее со пошироко семејство, а од анализата се добиени следните резултати:

Анализа на малолетничка деликвенција според квалитетот на семејните односи (Т3) и живеење со пошироко семејство**.** Оваа табела ја прикажува врската помеѓу **живеењето со пошироко семејство** и **индексот на квалитет на семејни односи (Т3)**, кој има значајна улога во превенцијата на малолетничка деликвенција. Од сето тоа се доаѓа до заклучок дека имаме-**Малку повисок просечен квалитет на семејни односи кај оние што не живеат со пошироко семејство**. Испитаниците кои **не живеат со пошироко семејство** имаат малку повисок просек (3.08) на перцепиран квалитет на семејни односи, во споредба со оние што **живеат со пошироко семејство** (2.83). Разликата всушност е мала, но е потенцијално важна кога се анализира влијанието врз деликвенција.

Индекс на квалитет на семејни односи (T3) * Живее во повеќедетно семејство

Индекс на квалитет на семејни односи (T3)

Живее во повеќедетно семејство	N	Минимум	Максимум	Средна вредност	Стандардно Отстапување
Не	30	1.54	5.50	3.2346	1.33072
Да	31	1.36	5.88	2.7865	1.17117
Вкупно	61	1.36	5.88	3.0069	1.26203

Во оваа табела е напраена анализа на квалитетот на семејните односи Т3/ Живее во повеќедетно семејство, а според анализата се добиени следните резултати:

Анализа на малолетничка деликвенција според индексот на квалитет на семејни односи (Т3) и живеењето во повеќедетно семејство.

Оваа табела покажува како структурата на семејството – поточно дали детето живее во повеќедетно семејство – се поврзува со перцепцијата на квалитетот на семејните односи, фактор кој има силно влијание врз ризикот за деликвентно однесување кај малолетници.

Според добиените резултати од дадената табела може да дојдеме до заклучок дека **Повисокиот квалитет на семејни односи кај деца што не живеат во повеќедетни семејства**. Испитаниците кои **не живеат во повеќедетно семејство** имаат **повисок просек** на перцепиран квалитет на семејни односи (3.23), во споредба со оние што **живеат во повеќедетно семејство** (2.79). Оваа разлика, иако не е огромна, **може да укажува на разлики во семејната атмосфера**.

Од анализата за интексите **Т1, Т2 и Т3** можеме да дојдеме до одреден заклучок и тоа:

Врз основа на сите приложени податоци и анализи, може да се изведе следниот интегриран заклучок за факторите што влијаат на малолетничката деликвенција:

Според националноста- Турските ученици покажуваат повисоки вредности и на индексот на врсничка деликвентна интеракција (Т1) и на врсничко насилство (Т2), во споредба со македонските ученици. Истовремено, тие пријавуваат и значително повисок квалитет на семејни односи (Т3). Ова може да укажува дека, и покрај посилен семеен систем, има надворешни фактори (општествени, културни или средински) што влијаат на зголеменото ризично однесување.

Според полот-Машките ученици имаат значително повисоки вредности на индексите за: врсничка деликвентна интеракција (Т1) ,врсничко насилство (Т2). Ова пак сугерира дека машките се посклони кон ризично и агресивно однесување, што е во согласност со постоечките истражувања. Разликата во квалитетот на семејни односи (Т3) меѓу машките и женските е минимална.

Според влијанието на семејната структура- Живеење со пошироко семејство-

Оние што не живеат со пошироко семејство имаат малку повисок квалитет на семејни односи. Но, разликите во индексите за деликвенција се мали, што укажува дека не структурата, туку квалитетот на односите е поважен.

Според живеењето во повеќедетно семејство- Учениците кои не живеат во повеќедетно семејство имаат-Повисок квалитет на семејни односи, како и повисока вредност на деликвентна интеракција. Ова може да значи дека, иако имаат подобра семејна поддршка, помалата изложеност на врснички надворешни влијанија кај повеќедетните семејства ја намалува деликвенцијата.

Според квалитет на семејни односи (Т3) како заштитен фактор-Поголем квалитет на семејни односи е поврзан со пониски вредности на деликвентно и насилно однесување.Ова се гледа кај ученици што:

-Живеат во неколкучлени (не повеќедетни) семејства;

-Не живеат со проширена фамилија.

Затоа, емоционалната поврзаност и поддршка во семејството играат клучна улога во превенцијата од малолетничка деликвенција.

Анализа на корелациите меѓу меѓуврсничка деликвентна според Пирсонов коефициент за интеракција, врсничко насилство и квалитет на семејни односи.

Во продолжение корелации со добиени резултати:

Корелации				
		Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)	Индекс на врсничко насилство (T2)	Индекс на квалитет на семејни односи (T3)
Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)	Pearson Correlation		.482**	.468**
	Sig. (2-tailed)		0.000	0.000
	N	62	62	62
Индекс на врсничко насилство (T2)	Pearson Correlation	.482**	1	.482**
	Sig. (2-tailed)	0.000		0.000
	N	62	63	62
Индекс на квалитет на семејни односи (T3)	Pearson Correlation	.468**	.482**	1
	Sig. (2-tailed)	0.000	0.000	
	N	62	62	62
**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).				

Овој дел ги презентира резултатите од корелациската анализа спроведена за да се испитаат врските помеѓу три клучни променливи:

Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1)

Индекс на врсничко насилство (T2)

Индекс на квалитет на семејни односи (T3)

Анализата има за цел да утврди дали постојат статистички значајни врски меѓу овие променливи и да ја процени нивната јачина и насока.

Корелациите се пресметани со Пирсонова корелација (Pearson's r), со ниво на значајност $p < 0.01$. Големината на примерокот варира од $N = 62$ до $N = 63$ испитаници, во зависност од променливите. Резултати и интерпретација покажуваат дека корелација меѓу меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) и квалитет на семејни односи (T3), Коефициент на корелација (r): 0.468* Статистичка значајност (p): 0.000,

Големина на ефектот: Умерена позитивна корелација
Резултатите покажуваат статистички значајна, умерена позитивна корелација помеѓу меѓуврсничката деликвентна интеракција и квалитетот на семејните односи. Ова сугерира дека понискиот квалитет на семејните односи е поврзан со зголемена учествуваност во

деликвентни интеракции со врсниците. Оваа врска е во согласност со теоријата на социјален контрол (Hirschi, 1969), која нагласува дека слабите семејни врски го зголемуваат ризикот за девијантно однесување. Дете со силна врска со родителите е помалку склоно кон деликвенција, бидејќи ги вреднува нивните очекувања.

Слабите семејни односи (низок „Индекс на квалитет на семејни односи") ја намалуваат приврзаноста, што го зголемува ризикот за деликвентна интеракција (T1) и врсничко насилство (T2). Корелација меѓу врсничко насилство (T2) и квалитет на семејни односи (T3).Коефициент на корелација (r): 0.482** Статистичка значајност (p): 0.000

Големина на ефектот: Умерена позитивна корелација
Анализата открива статистички значајна, умерена позитивна корелација помеѓу врсничкото насилство и квалитетот на семејните односи. Ова укажува дека младите кои доаѓаат од семејства со понизок квалитет на односи се соочуваат со поголем ризик да се вклучат во насилни интеракции со врсниците.

Корелација меѓу меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) и врсничко насилство (T2).

Коефициент на корелација (r): 0.482*, Статистичка значајност (p): 0.000

Според интерпертацијата на резултатите дојдовме до следните резултати:

Големина на ефектот: Умерена позитивна корелација
Најдена е статистички значајна, умерена позитивна корелација помеѓу меѓуврсничката деликвентна интеракција и врсничкото насилство. Оваа поврзаност сугерира дека младите кои учествуваат во деликвентни активности имаат поголема веројатност да бидат вклучени и во насилни интеракции со врсниците.

Семејниот контекст како клучен фактор-Резултатите ја потврдуваат значајноста на семејните односи во предвидувањето на деликвентното и насилното однесување кај малолетниците. Двете променливи (T1 и T2) покажуваат умерени, но значајни позитивни корелации со квалитетот на семејните односи (T3), што е во согласност со претходните истражувања.

Врската меѓу деликвентноста и насилството

Умерената корелација (r = .482) помеѓу меѓуврсничката деликвентна интеракција (T1) и врсничкото насилство (T2) сугерира дека овие две променливи се меѓусебно поврзани.

Наредната интерпретација е спроведување на Т-тестот-ги споредува всушност средните вредности на две независни групи-двете групи на испитаници кои се со македонска или турска националност, во однос на Индексот на меѓуврсничка деликвенција-интеракција-Т1 за да утврди дали постои статистичка значајна разлика, Во продолжение разработка на податоците според Т -тестот

Тест со независни примероци										
Индекс_на_меѓуврсничка_деликвентна_интеракција_T1	Левенов тест за еднаквост на варијанси		t-тест за еднаквост на средните вредности							
	F	Sig.	t	df	Значајност		Средна разлика	Стандардна разлика на грешки	95% интервал на доверба на разликата	
					Едно-страно p	Дво-страно p			Долен	Горен
Претпос. се еднакви варијанси	0.006	0.938	-0.575	60	0.284	0.568	-0.22	0.38283	-0.9858	0.5458
Не се претпос. Еднакви варијанси			-0.578	59.26	0.283	0.565	-0.22	0.38062	-0.9815	0.54158

За да се испита дали постои статистички значајна разлика во однос на индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) помеѓу испитаниците со македонска и турска националност, беше применет Т-тест за независни примероци.

Прво беше спроведен Левенов тест за еднаквост на варијанси, при што резултатот не покажа статистички значајна разлика во варијансите ($F = 0.006$, $p = 0.938$), што укажува дека може да се претпостави еднаквост на варијансите кај двете групи.

Резултатите од Т-тестот покажаа дека нема статистички значајна разлика меѓу групите ($t = -0.575$, $df = 60$, $p = 0.568$). Средната разлика во индексот е -0.22, со 95% интервал на доверба од -0.986 до 0.546, што значи дека интервалот ја содржи нулата и не може да се тврди дека постои реална разлика меѓу групите.

Заклучок: Националната припадност (македонска или турска) не се покажа како значаен фактор во однос на нивото на меѓуврсничка деликвентна интеракција кај испитаниците.

Тест со независни примероци										
Индекс_на_меѓуврсничка_деликвентна_интеракција_T1	Левенов тест за еднаквост на варијанси		t-тест за еднаквост на средните вредности							
	F	Sig.	t	df	Значајност		Средна разлика	Стандардна разлика на грешки	95% интервал на доверба на разликата	
					Едно-страно p	Дво-страно p			Долен	Горен
Претпос. се еднакви варијанси	9.468	0.003	2.083	59	0.021	0.042	0.75129	0.36072	0.02948	1.4731
Не се претпос. Еднакви варијанси			2.059	39.142	0.023	0.046	0.75129	0.36488	0.01334	1.48924

Беше применет Т-тест за независни примероци со цел да се утврди дали постои статистички значајна разлика во индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) меѓу двете групи. Резултатите од Левеновиот тест укажуваат на нееднаквост на варијансите (F = 9.468, p = 0.003), поради што беше применета анализа според вредностите кога не се претпоставуваат еднакви варијанси.

Т-тестот покажа статистички значајна разлика меѓу групите (t = 2.059, df = 39.142, p = 0.046). Средната разлика изнесува 0.751, со 95% интервал на доверба од 0.013 до 1.489, што значи дека припадниците на една од групите имаат значајно повисок степен на меѓуврсничка деликвентна интеракција.

Заклучок: Постои статистички значајна разлика меѓу двете групи во однос на индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција, што може да укажува на влијание на групната припадност врз ова однесување.

Тест со независни примероци										
Индекс_на_врсничко_насилство_Т2	Левенов тест за еднаквост на варијанси		t-тест за еднаквост на средните вредности							
	F	Sig.	t	df	Значајност		Средна разлика	Стандардна разлика на грешки	95% интервал на доверба на разликата	
					Едно-страно p	Дво-страно p			Долен	Горен
Претпос. се еднакви варијанси	11.941	0.001	-2.635	61	0.005	0.011	-0.8853	0.33604	-1.5573	-0.2134
Не се претпос. Еднакви варијанси			-2.552	39.738	0.007	0.015	-0.8853	0.34688	-1.5865	-0.1841

Т-тестот за независни примероци покажа дека постои статистички значајна разлика во индексот на врсничко насилство (Т2) меѓу двете групи (t = -2.552, df = 39.738, p = 0.015). Средната разлика изнесува -0.885, што значи дека една од групите покажува значајно повисоки нивоа на врсничко насилство во споредба со другата. Интервалот на доверба од -1.586 до -0.184 дополнително ја потврдува веродостојноста на оваа разлика. Овие резултати укажуваат на потенцијално значајна улога на групната припадност (на пр. пол, етничка група или средина) во појавата на врсничко насилство.

Тест со независни примероци		
Индекс_на_врснично_насилство	Левенов тест за еднаквост на варијанси	t-тест за еднаквост на средните вредности

	F	Sig.	t	df	Значајност		Средна разлика	Стандардна разлика на грешки	95% интервал на доверба на разликата	
					Едно-страно p	Дво-страно p			Долен	Горен
Претпос. се еднакви варијанси	12.273	<.001	1.869	60	0.033	0.066	0.64068	0.34278	-0.045	1.32634
Не се претпос. Еднакви варијанси			1.869	40.236	0.034	0.069	0.64068	0.34278	-0.052	1.33333

Иако t-тестот за независни примероци покажа дека постои разлика во индексот на врсничко насилство (T2) меѓу двете групи (t = 1.869, df = 40.236), таа разлика не е статистички значајна на ниво од 0.05 (p = 0.069). Средната разлика изнесува 0.641, со интервал на доверба [-0.052, 1.333], што укажува дека не може со сигурност да се заклучи оти постои вистинска разлика меѓу групите.

ЧЕТВРТ ДЕЛ

ЗАКЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

Истражувањето беше насочено кон испитување на меѓуврсничката деликвенција кај малолетници и улогата на семејните фактори во нејзината појава и развој. За да се постигне валидност и релевантност на резултатите, беше применет дескриптивниот метод на истражување, со употреба на квантитативен пристап за собирање и анализа на

податоци. Во рамките на ова истражување беа применети три различни скали за мерење, кои овозможија сеопфатна анализа на три клучни подрачја: меѓувршничка интеракција, ниво на врсничко насилство и перцепција на семејните односи од страна на децата.

Првата скала се однесуваше на **меѓувршничката интеракција** кај учениците во основното образование. Учениците одговараа така што со знакот „X“ го означуваа однесувањето кое најмногу ги карактеризира (многу – понекогаш – никогаш). Целта на оваа скала беше да се добие увид во квалитетот на меѓувршничките односи, присуството на позитивни или негативни интеракции и евентуалните појави на девијантно однесување во рамките на групата врсници.

Втората примена скала беше **мултидимензионалната скала на врсничко насилство**, која имаше за цел да го измери нивото на присуство на физичко и психичко насилство помеѓу учениците. Одговорите беа категоризирани на скала од 0 (никогаш), 1 (понекогаш), 2 (често) и 3 (многу често), со што се обезбеди прецизен квантитативен увид во фреквенцијата на насилното однесување меѓу врсниците.

Третата скала се однесуваше на **перцепцијата на семејните односи**, односно на начинот на кој децата ги перципираат своите релации со мајката и таткото. Учениците беа замолени да одговорат на изјави според тоа колку тие важат за нив, при што се користеше скала од 1 (неточно), 2 (делумно точно) до 3 (точно). Со оваа скала се овозможи опис на емоционалната блискост, комуникацијата, поддршката и присуството на евентуални конфликти во семејната структура.

Популација и примерок- Иако почетниот план предвидуваше вклучување на 60 испитаника, финалниот број изнесуваше 63 ученици, што се должи на повеќе фактори. Освен случајниот избор на учесници, во текот на теренската работа се појави и проактивен интерес за учество од страна на некои ученици. Во одредени случаи, дел од учениците не одговорија целосно на прашалниците, поради што беа заменети со други ученици од истата средина, со цел да се задржи статистичката и методолошката релевантност на истражувањето.

Од вкупниот број испитаници, 33 ученика (52%) беа од македонска националност, додека 30 ученици (47%) беа од турска националност. Што се однесува до полот, примерокот беше целосно балансиран – 50% беа машки, а 50% женски испитаници. Возраста на испитаниците се движеше од 12 до 16 години. Забележливо е дека кај турската популација беше вклучена и 16-годишна возраст, како резултат на повторување на учебна година. Сепак, овие испитаници беа задржани во примерокот поради методот на случаен избор, како и поради тоа што нивното учество придонесува за репрезентативноста на податоците.

Просечната возраст на испитаниците изнесува **13.40 години**, со **стандардна девијација од 0.91**, што укажува на мала дисперзија и висока хомогеност на испитната група по однос на возраста. Со оглед на фокусот на истражувањето – малолетничка деликвенција кај адолесценти – оваа возрасна структура се смета за соодветна и релевантна за анализа на испитуваните феномени.

Обработка на податоците- Сите собрани податоци од трите скали беа внесени и статистички обработени со помош на програмата **SPSS** (Statistical Package for the Social Sciences). Преку оваа програма се пресметаа **средните вредности (mean)** за секоја од скалите поединечно, за секој испитаник. Средниот резултат (M) ја претставуваше генералната оценка на дадената особина кај секој ученик, според одговорите што ги дал на соодветната скала:

M(T1) – Среден резултат на скалата за меѓуврснички интеракција (опсег: 1 до 3);

M(T2) – Среден резултат на скалата за врснички насилство (опсег: 1 до 4);

M(T3) – Среден резултат на скалата за перцепција на семејни односи (опсег: 1 до 3).

Со цел да се добијат поинтерактивни, поквалитетни и подобро интерпретирани резултати, беше извршена **линеаризација** на оригиналните резултати, при што тие беа трансформирани во индекси со опсег од **1 до 10**. На тој начин беа дефинирани три нови големини:

I(T1) – Индекс на деликвентна интеракција

I(T2) – Индекс на врснички насилство

I(T3) – Индекс на квалитет на семејни односи

Линеаризацијата беше извршена според следните формули:

I(T1) = 14.5 - 4.5 × M(T1), каде 1 ≤ M(T1) ≤ 4

I(T2) = 3.33 × M(T2) - 2.33, каде 1 ≤ M(T2) ≤ 3

I(T3) = 4.5 × M(T3) - 3.5, каде 1 ≤ M(T3) ≤ 3

Важно е да се нагласи дека I(T1) е опаѓачка функција, додека I(T2) и I(T3) се растечки функции. Овој математички пристап е изведен според начинот на кој се формулирани прашањата во секој тест, односно:

За **M(T1)**, вредноста 1 означува најизразена деликвентна интеракција, а 3 најмалку изразена.

За **M(T2)**, вредноста 1 означува најмалку изразено насилство, а 4 најмногу.

За **M(T3)**, вредноста 1 означува најдобри семејни односи, а 3 најлоши.

Со примена на горенаведените формули, се добиени нови индекси чии вредности имаат јасно значење:

I(T1) = 1 – најниско ниво на деликвентна интеракција

I(T1) = 10 – највисоко ниво на деликвентна интеракција

I(T2) = 1 – најмало присуство на врсничко насилство

I(T2) = 10 – највисоко присуство на врсничко насилство

I(T3) = 1 – најквалитетни семејни односи

I(T3) = 10 – најнеквалитетни семејни односи

Овие три новодефинирани големини (I(T1), I(T2) и I(T3)) беа предмет на анализа од трудот, каде се испитуваше поврзаноста помеѓу нив и се утврдуваше дали и до кој степен, семејните односи влијаат на појавата на врсничко насилство и деликвентна интеракција меѓу малолетниците.

Во однос на семејната структура - Живеење со пошироко семејство: Поголем дел (72.6%) не живеат со пошироко семејство, додека- Живеење во повеќедетно семејство: 51.6% живеат во повеќедетни семејства. Според Индекси на однесување и односи, Индекс на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) :

Според анализираните податоци, може да се извлечат следните заклучоци во однос на поставените хипотезите и варијаблите:

Влијание на националноста врз деликвентното однесување:

Турските ученици покажуваат повисоки просечни вредности на индексот на врсничко насилство (T2) (M = 2.48, SD = 1.74) во споредба со македонските ученици (M = 1.59, SD = 0.80). Оваа разлика е статистички значајна ($p < 0.05$), што укажува дека националноста може да има влијание врз изразеноста на насилството.

Меѓутоа, кај индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција **(T1),** разликата помеѓу двете националности не е статистички значајна ($p > 0.05$), што значи дека националноста не влијае значително на оваа димензија.

Влијание на полот врз деликвентното однесување:

Момчињата покажуваат значително повисоки вредности на индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција **(T1)** (M = 2.50, SD = 1.84) во споредба со девојчињата (M = 1.75, SD = 0.79), со статистичка значајност ($p < 0.05$).

Слично, момчињата имаат повисоки вредности на индексот на врсничко насилство **(T2)** (M = 2.30, SD = 1.76) во споредба со девојчињата (M = 1.66, SD = 0.74), што е исто така статистички значајно ($p < 0.05$). Овие резултати ги потврдуваат претходните истражувања дека машките се посклони кон агресивно и деликвентно однесување.

Влијание на семејната структура:

Учениците кои не живеат во повеќедетно семејство покажуваат повисоки вредности на индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) (M = 2.29, SD = 1.73) во споредба со оние кои живеат (M = 1.95, SD = 1.12), но разликата не е статистички значајна ($p > 0.05$).

Кај индексот на врсничко насилство (T2), не се забележани значајни разлики во зависност од тоа дали ученикот живее во пошироко или повеќедетно семејство ($p > 0.05$).

Квалитет на семејните односи (T3):

Турските ученици имаат значително повисоки вредности на индексот на квалитет на семејни односи (T3**)** (M = 3.90, SD = 1.07) во споредба со македонските ученици (M = 2.21, SD = 0.81), што укажува на културолошки разлики во перцепцијата на семејните односи. Полот не покажува значајна разлика во квалитетот на семејните односи ($p > 0.05$).

Според корелацијата меѓу индексите:

Постои позитивна и статистички значајна корелација меѓу:

Индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) и индексот на врсничко насилство (T2) ($r = 0.482$, $p < 0.01$).

Индексот на меѓуврсничка деликвентна интеракција (T1) и индексот на квалитет на семејни односи (T3) ($r = 0.468$, $p < 0.01$).

Индексот на врсничко насилство (T2) и индексот на квалитет на семејни односи (T3) ($r = 0.482$, $p < 0.01$).

Овие корелации укажуваат дека повисоките нивоа на деликвентна интеракција и насилство се поврзани со перцепиран квалитет на семејните односи, што може да се објасни со фактот дека децата со проблематично однесување често доаѓаат од семејства со конфликтни или нестабилни динамики.

Според Национални разлики: -Турските ученици покажуваат повисоко ниво на врсничко насилство, што може да се поврзе со културолошките норми или социо-економските услови. Сепак, тие исто така имаат повисоко перципиран квалитет на семејните односи, што може да укажува на поголема семејна кохезија во турската заедница.

Македонските ученици покажуваат пониски вредности на насилство, но и понизок квалитет на семејните односи, што може да се поврзе со различни стилови на воспитување или социјални притисоци.

Според половите разлики:-Момчињата се посклони кон деликвентно однесување и насилство, што е во согласност со претходните истражувања. Ова може да се објасни со социјалните очекувања и норми поврзани со машкото однесување.

Според семејни фактори:- Иако не се најдени статистички значајни разлики во зависност од семејната структура, податоците укажуваат на тенденција дека децата кои не живеат во повеќедетни семејства покажуваат повисоки нивоа на деликвентна интеракција. Ова може да се должи на помалата контрола и надзор во помалите семејства.

Корелациите меѓу индексите:

Позитивната корелација меѓу деликвентното однесување и семејните односи може да се интерпретира на два начина:

Децата со проблематично однесување може да доаѓаат од семејства со слаби односи.

Алтернативно, високиот квалитет на семејните односи кај турските ученици може да биде поврзан со поголема контрола, што понекогаш може да предизвика бунт кај адолесцентите.

***1.1 Структурата на семејството и меѓусемејните односи влијаат врз појавата на деликвентното* однесување-** Оваа хипотеза е поврзана со структурата на семејствата и нивните односи т.е направена е споредба меѓу македонските и турските ученици за индекс Т1 (меѓуврсничка деликвентна интеракција), каде што не е пронајдена статистичка значајна разлика (t=0,575, p = 0,568) . Средните вредности : Македонци – 2,065, Турци -2 ,285 доаѓаме до заклучок дека националноста не е значаен фактор за Т 1 , а оттука и дека оваа хипотеза **не е потврдена**, иако турските ученици имаат малку повисок просек, разликата сепак не е статистички значајна.

1.2 Нестабилната семејна структура (развод, разделба на родителите) го зголемува ризикот од малолетничка деликвенција-Оваа хипотеза е поврзана со Квалитетот на семејни односи Т 3 каде што од корелацијата доаѓаме до заклучок дека Т 3 покажа позитивна корелација со Т1 (r = 0,468) и Т 2 (r = 0,468), што значи дека покачените вредности на Т 3 (подобри семејни односи) се поврзани со покачени вредности на Т1 и Т 2 (повеќе деликвенција и насилство) што всушност е неочекуван резултат/ наод- очекувано би било слабите семејни односи да водат до повеќе деликвенција, но според истражаните податоци, т.е дадените се покажа спротивното. Па оттука доаѓаме до заклучок дека оваа хипотеза **не е потврдена.**

1.2.1 Насилството и конфликтите во семејството (физичко и психичко малтертирање) ја поттикнуваат појавата на малолетничката деликвенција- Од резултатите на тестовите- Споредба помеѓу македонски и турски ученици за индексот Т2 (врсничко насилство)- Постои статистички значајна разлика (t=2,552, p = 0,015) – Средни вредности според националноста – македонска националност-1,590, турска националност-2,475, од средните вредности доаѓаме до заклучок дека турските ученици покажуваат значајно повисоко ниво на врсничко насилство. Турските ученици , кои можеби се изложени на построги семејни односи или економски стрес***,*** покажуваат поголема агресија кон врсниците. Оваа хипотеза **е потврдена**.

1.2.2 Занемарувањето и недостигот на родителска контрола и надзор ја зголемуваат деликвенцијата

Поврзано со квалитет на семејни односи (Т3) –Бидејќи (Т 3) е позитивно корелиран со Т1 и Т 2, оваа хипотеза не е во согласност со податоците. Според резултатите, подобрите семејни односи (повисок Т3) се поврзани со повеќе деликвенција (Т 1) и насилство (Т2). Од тука доаѓаме до заклучок дека оваа хипотеза **не е потврдена**.

1.2.3 Слабата емоционална поврзаност помеѓу родителите и децата влијае врз појавата на деликвенција

Поврзана со квалитет на семејни односи (Т 3)- Податоците покажуваат позитивна корелација (r=0,468 за Т1 и r= 0,482 за Т2), што значи дека формално добрите семејни односи се поврзани со повеќе деликвенција. Оваа всушност не ја поддржува хипотезата дека слабата емоционална поврзаност води до повеќе деликвенција. Од тука доаѓаме до заклучок дека оваа хипотеза **не е потврдена**.

1.2.4 Прекумерната строгост или авторитет во воспитувањето предизвикува бунтовно однесување

Поврзано со Квалитет на семејни односи (Т3) – Бидејќи Т 3 е позитивна корелација со Т1 и Т 2 , оваа хипотеза е во согласност со податоците. Подобрите семејни односи (повисок Т 3) може да се рефлектирааат како формална дисциплина, но всушност да предизвикаат бунт. Од тука доаѓаме до заклучок дека оваа хипотеза **е индиректно потврдена**. Можеби ,,високиот“ Т3 всушност мери формална послушност, но не и вистинска емоционална блискост.

2.1 Нискиот социо-економски статус е значаен фактор врз појавата на малолетничката деликвенција

Според резултатите од Т тестовите- турските ученици (кои може да се поврзат со понизок социо-економски статус) имаат:

- Повисоко ниво на врсничко насилство(Т2)-потврдено (p=0,0015).

- Нема значителна разлика во меѓуврсничката деликвентна интеракција (Т1)-не потврдено(p=0,568) –Од тука доаѓаме до заклучок дека оваа хипотеза **е делумно потврдена.** Потврдена за врсничко насилство (Т2)- Не потврдена за меѓуврсничка деликвентна интеракција (Т2).

Главната хипотеза-Малолетничката деликвенција е мултифакторски феномен, интерактивен производ на: **социо-економски фактори** (нееднаквости, сиромаштија, маргинализација),**семејните фактори** (квалитет на семејните односи, структура на семејството), **образовните фактори** (училишна средина, врснички влијанија)

Специфични хипотези:

Понизок квалитет на семејните односи (Т3) е поврзан со повисоки нивоа на меѓуврсничка деликвентна интеракција (Т1) и врсничко насилство (Т2).

Турските ученици покажуваат повисоки нивоа на Т1 и Т2 во споредба со македонските, иако имаат повисок Т3.

Машките ученици се значително посклони кон Т1 и Т2 отколку женските.

Семејната структура (живеење со проширено семејство/повеќе деца) има индиректно влијание, додека квалитетот на семејните односи е директно поврзан со намалување на деликвенцијата. Целта е: да се утврди колку значајно секој фактор (Т3, националност, пол, семејна структура) влијае на Т1 и Т2. Од зависната променлива-индекс на меѓуврсничка деликвенција(Т1). Независни променливи- квалитет на семејни односи (Т3).Националност (Турци = 1, Македонци = 0).Пол (машки = 1, женски = 0).Семејна структура (живеење со проширено семејство: да = 1, не = 0). **Очекувани резултати (врз основа на корелациите и t-тестовите):Т3** ќе има негативен коефициент ($\beta_1 < 0$), бидејќи повисок квалитет на семејни односи ја намалува деликвенцијата.**Националноста** ќе има позитивен коефициент ($\beta_2 > 0$), бидејќи Турците имаат повисоки вредности на Т1. **Полот** ќе има силен позитивен ефект ($\beta_3 > 0$), бидејќи машките се посклони кон деликвентно однесување.**Семејната структура** може да има слаб или незначителен ефект ($\beta_4 \approx 0$), бидејќи t-тестовите покажаа мали разлики.

Од зависна променлива: Индекс на врсничко насилство (Т2)-**Очекувани резултати: Т3** ќе има негативен коефициент ($\beta_1 < 0$) – подобри семејни односи го намалуваат насилството.**Националноста** ќе има позитивен ефект ($\beta_2 > 0$), бидејќи Турците се повклучени во повеќе насилни интеракции.**Полот** ќе има најсилен ефект ($\beta_3 > 0$) – машките се значително поагресивни. **Семејната структура** може да биде незначителна ($\beta_4 \approx 0$). Од тука доаѓаме до заклучок дека:

Квалитетот на семејните односи (Т3) е најсилен заштитен фактор – поврзан е со намалување и на Т1 и на Т2.

Полот е најсилен ризичен фактор – машките ученици се посклони кон деликвенција и насилство.

Националноста има умерен ефект – културните/социјалните разлики може да објаснат зошто Турците, иако имаат повисок Т3, сепак имаат повисоки Т1 и Т2.

Семејната структура е помалку важна од квалитетот на односите – што потврдува дека не формата, туку содржината на семејните врски е клучна.

Ограничувања во тековното истражување-Малиот примерок (N=62) може да влијае на стабилноста на регресионите коефициенти.Исто така и отсуство на други потенцијални фактори (на пр., употреба на дрога, криминална средина, итн)

Оваа анализа потврдува дека семејството е клучен фактор, но и полот и културната средина играат значајна улога во формирањето на малолетничката деликвенција.

Препораки

Целта на овој истражувачки труд е да ја истражи, теоретски и емпириски, појавата на малолетничката деликвенција во контекст на мултиетничкото општество, со конкретен фокус на градот Струмица како средина која се одликува со културна, етничка и социјална

разноликост. Во центарот на анализата се поставува прашањето за тоа како различните социјални, семејни и врснички фактори влијаат врз појавата и развојот на деликвентни форми на однесување кај малолетниците, со посебен акцент на улогата на семејството и врсничките групи како најзначајни агенси на социјализација во адолесцентскиот период. Истражувањето тежнее да ги идентификува специфичните механизми преку кои семејната структура, степенот на родителска контрола, емоционалната поврзаност, стиловите на родителско дисциплинирање и квалитетот на комуникацијата меѓу членовите на семејството можат да дејствуваат како заштитни или ризични фактори за развој на девијантни модели на однесување кај младите лица. Од таа перспектива, се препорачува развој на програми за семејно јакнење и едукација на родителите за позитивни родителски практики, особено во социоекономски ранливи средини.

Истовремено, трудот ја разгледува улогата на врсничките групи, со акцент на процесите на групна динамика, притисок од врсниците, потребата за припадност и формирањето на деликвентен идентитет во рамки на одредени неформални групи. Во овој контекст се анализира како адолесцентите, особено оние кои потекнуваат од семејства со нарушени односи или од социоекономски маргинализирани средини, се подложни на влијанија што ги водат кон асоцијални и антисоцијални однесувања. Како препорака произлегува потребата од имплементација на инклузивни, врснички менторски програми и неформални групи за поддршка, со кои се создава алтернативен, позитивен социјален контекст кој го намалува влијанието на ризичните групи. Таквите програми треба да вклучуваат едукација за ненасилна комуникација, развој на социјални вештини и унапредување на емоционалната интелигенција кај младите.

Еден од клучните аспекти на истражувањето е и испитувањето на улогата што етничката припадност ја има во оформувањето на вредносните ориентации, социјалните перцепции и очекувањата во однос на прифатливото или девијантното однесување. Со тоа се отвора можност за анализа на интерсекцијата меѓу етничкиот идентитет и деликвенцијата, со споредба на две доминантни етнички групи – македонската и турската – со цел да се откријат евентуални културолошки разлики во ставовите, воспитните практики, семејните структури и социјалните очекувања кои можат да имаат влијание врз деликвентното однесување на младите од овие заедници. Во таа насока, неопходно е воведување на културно чувствителни образовни и социјални програми, кои ќе ги земат предвид етнокултурните специфики, јазичните бариери и системите на вредности во заедниците. Препорачливо е образовниот систем да промовира интеркултурно учење, да вработува мултиетнички стручен кадар и да поттикнува заемно почитување меѓу учениците од различни етнички припадности.

Трудот има и амбиција да ја провери применливоста на релевантните социолошки, психологиски и криминолошки теории во локален контекст, со што се обезбедува критичка анализа на концептите како што се социјалниот контролен модел, теоријата за диференцијална асоцијација, субкултурните теории, теориите за семејна дезорганизација, како и психодинамичките објаснувања на агресијата и девијантноста. Со оглед на недоволниот број домашни истражувања кои се насочени кон врската меѓу деликвенцијата и етничкиот контекст, трудот има значаен придонес за пополнување на таа празнина и нуди потенцијал за развивање на понатамошни студии и истражувачки интервенции во оваа проблематика. Препорачливо е институциите на високото образование, заедно со истражувачките центри и НВО-секторот, да иницираат и финансираат повеќе локализирани и интердисциплинарни истражувања за феноменот на деликвенција кај малолетници во мултикултурни средини.

Од емпириски аспект, преку обработка и анализа на квантитативни податоци собрани од ученици од различна етничка припадност во Струмица, истражувањето ги идентификува обрасците на деликвентно однесување, ги мери нивото и формите на агресија, девијантност и учество во ризични активности, и ја испитува нивната поврзаност со семејните, етничките и половите карактеристики. Анализата покажува дека постојат значајни разлики меѓу машките и женските испитаници во однос на склоноста кон деликвентно однесување, при што момчињата во поголема мера се идентификуваат со форми на физичко насилство, нарушување на јавниот ред и учество во асоцијални активности. Овие наоди укажуваат на потребата за разработка на родово сензитивни превентивни програми, кои ќе адресираат специфичните потреби и психосоцијални карактеристики на машките адолесценти, но и ќе ги преиспитаат доминантните општествени претстави за машкоста, моќта и агресијата. Во оваа насока, се препорачува и вклучување на машките ученици во проекти за афирмација на позитивни модели на машко однесување, менторство и волонтеризам, со цел да се зајакне чувството на припадност и одговорност кон заедницата.

Дополнително, податоците откриваат дека учениците од турската етничка заедница покажуваат повисоки индикатори на насилно и ризично однесување, што може да се поврзе со специфичните традиционални воспитни модели, поголемата затвореност на заедницата, културната стигматизација и недостапноста до соодветни ресурси за поддршка. Оттаму произлегува потребата од дизајнирање и имплементирање на културно чувствителни интервенции, кои ќе ги земат предвид вредносните ориентации, јазичните бариери, улогата на религијата и значењето на семејната чест во оваа заедница. Препорачливо е воведување на билингвални и интеркултурни образовни програми за родители, обуки за наставници и социјални работници кои ќе бидат обучени за работа во мултиетнички и мултикултурни средини, како и создавање на програми за медијација и

менторство кои ќе ги вклучат и самите членови на заедницата како активни учесници во превенцијата.

Во однос на праксата, истражувањето нуди низа препораки кои се засноваат на добиените резултати и се насочени кон развој на ефикасни, интерсекторски политики за справување со деликвенцијата кај младите. Меѓу нив, посебно значење има препораката за воспоставување на механизми за рано препознавање и интервенирање во случаи на ризично однесување, преку зајакнување на соработката меѓу училиштата, семејствата, центрите за социјална работа и здравствените служби. Во таа насока се предлага креирање на локален координативен совет составен од претставници на институциите, граѓанскиот сектор и етничките заедници, кој би бил одговорен за креирање, следење и евалуација на локални стратегии за примарна и секундарна превенција на малолетничка деликвенција. Покрај тоа, неопходно е и системско вложување во обуки на стручниот кадар, развој на социјално-психолошки служби во училиштата и интеграција на воспитно-корективни програми во рамки на формалниот образовен систем. Особено е важно да се создадат услови за активно учество на младите во донесувањето на одлуки кои ги засегаат, преку младински совети, ученички парламенти и локални форуми, со што би се поттикнала нивната одговорност и ангажираност.

Заклучно, трудот претставува значаен придонес кон продлабочувањето на разбирањето на факторите што ја генерираат и одржуваат деликвентноста кај малолетниците во мултиетнички контексти. Неговата вредност се состои во комбинирањето на теоретската анализа со емпириско истражување, при што се добиваат конкретни насоки за практично делување, но и за понатамошно научно истражување. Истовремено, трудот повикува на холистички, културолошки и родово чувствителен пристап кон превенцијата на малолетничката деликвенција, кој го препознава значењето на локалниот контекст и активната улога на сите општествени актери во градењето на инклузивна и поддржувачка средина за младите.

ЛИТЕРАТУРА:

1. **Acock, A. C., & Demo, D. H. (1999). Dimensions of family conflict and their influence on child and adolescent adjustment. *Sociological Inquiry*, 69(Fall), 641–658.**

2. **American Psychiatric Association. (2000).** ***Diagnostic and Statistical Manual of Mental Disorders – Fourth Edition, Text Revision (DSM-IV-TR)*****.**
3. **American Psychological Association. (1993).** ***Violence and youth: Psychology's response*****. Summary report of the APA Commission on Violence and Youth. Washington, D.C.**
4. **Арнаудовски, Љ. (2007).** ***Криминологија*****. Скопје: Филозофски факултет – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.**
5. **Ашафенбург, К. (2004).** ***Делинквенција кај малолетници: причини и превенција*****. Скопје: Универзитетски издавачки центар.**
6. **Baker, M. L., Sigmon, J. N., & Nugent, M. E. (2001).** ***Truancy reduction: Keeping students in school*****.**
7. **Бандура, А. (1977).** ***Социјално учење и развој на личноста*****. Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall.**
8. **Бел, Џ. (2010).** ***Социјална психологија на деликвентното однесување*****. Белград: Институт за социјални науки.**
9. **Чамлин, М., & Кларк, Х. (2002). Групна деликвенција и врснички влијанија.** ***Journal of Youth Studies,*** **5(2), 153–174.**
10. **Federal Ministry of the Interior and Federal Ministry of Justice. (2001).** ***First periodical report on crime and crime control in Germany*****. Berlin.**
11. **Farrington, D. P. (2005). Childhood origins of antisocial behavior.** ***Clinical Psychology and Psychotherapy,*** **12(3), 177–190.**
12. **Фридландер, Д. (1995).** ***Импулсивност и контролирано однесување кај малолетници*****. Лондон: Routledge.**
13. **Фројд, С. (1923).** ***Психолошкиот развој и криминалното однесување*****. Вена: Избрани дела.**
14. **Gilmore, D. (1990).** ***Manhood in the Making: Cultural Concepts of Masculinity*****. London: Yale University Press.**
15. **Goodman, L. A., et al. (1993). Male violence against women.** ***American Psychologist,*** **48(10), 1054–1058.**
16. **Грос, Д. (2002).** ***Психологија на ризикот и деликвентното однесување*****. Загреб: Факултет за психологија.**
17. **Hamilton, R., & McKinney, K. (1999).** ***Job Training for Juveniles: Project CRAFT*****. OJJDP Fact Sheet, 116 (August), 1–2.**
18. **Hearn, J. (1998).** ***The Violences of Men: How Men Talk about and How Agencies Respond to Men's Violence to Women*****. London: Sage.**
19. **Хентихг, К. (цитиран во Арнаудовски, 2007).**
20. **Хирши, Т. (1969).** ***Социјална врска и девијантно однесување*****. Чикаго: Универзитет на Чикаго Прес.**
21. **Hirschi, T. (1969).** ***Causes of Delinquency*****. University of California Press.**
22. **Жлебник, А. (1998).** ***Социолошки аспекти на малолетничката деликвенција*****. Скопје: ИСПИ.**
23. **Kalberg, L. (1981).** ***Моралниот развој и криминалното однесување*****. New York: Harper & Row.**
24. **Koss, M. P., et al. (1994).** ***No Safe Haven: Male Violence Against Women at Home, at Work and in the Community*****. Washington: American Psychological Association.**

25. **Loeber, R., & Farrington, D. P. (2001).** ***Child Delinquents: Development, Intervention, and Service Needs*****. Thousand Oaks: Sage.**
26. **Lopoo, L. M. (2007). While the cat's away, do the mice play?** ***Social Science Quarterly*****, 88(December), 1357–1373.**
27. **Мертон, Р. (1938). Теорија на социјална девација.** ***Американско списание за социологија*****, 43(5), 727–738.**
28. **Organization of African Unity & UNICEF. (1992).** ***Africa's children, Africa's future*****. Dakar.**
29. **Payne, A. A., & Salotti, S. (2007). A comparative analysis of social learning and social control theories.** ***Deviant Behavior*****, 28(6), 553–573.**
30. **Patterson, G. R. (1982).** ***Coercive Family Process*****. Eugene, OR: Castalia.**
31. **Петрушиќ, С. (2002).** ***Психологија на развојот*****. Белград: Завод за уџбенике.**
32. **Rutter, M. (1980).** ***Changing youth in a changing society: Patterns of adolescent development and disorder*****. Cambridge, MA: Harvard University Press.**
33. **Sampson, R. J., & Laub, J. H. (1993).** ***Crime in the Making: Pathways and Turning Points Through Life*****. Harvard University Press.**
34. **Северна Македонија. (2021).** ***Закон за малолетничка правда*****. Службен весник на РСМ, бр. 100.**
35. **Tompson, William E. (2014).** ***Малолетничка деликвенција*****. Скопје: Арс Ламина.**
36. **United Nations. (1990).** ***Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency (The Riyadh Guidelines)*****.**
37. **United Nations. (1993).** ***The global situation of youth in the 1990s: trends and prospects*** **(ST/CSDHA/21).**
38. **United Nations. (1995).** ***World Program of Action for Youth to the Year 2000 and Beyond*****.**
39. **United Nations. (2000).** ***Report of the Tenth United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders*****.**
40. **Venkatesh, S. (1997). The social organization of street gang activity in an urban ghetto.** ***American Journal of Sociology*****, 103(1), 82–111.**
41. **Walsh, A., & Hemmens, C. (2008).** ***Introduction to Criminology: A Text/Reader*****. SAGE Publications.**
42. **White, J. (1992). The relationship between language skills and delinquency in adolescents.** ***Journal of Child Psychology and Psychiatry*****.**
43. **Wilkinson, K. (1974). The broken family and juvenile delinquency: Scientific explanation or ideology?** ***Social Problems*****, 21(June), 726–739.**
44. **Wolfgang, M. E., Thornberry, T. P., & Figlio, R. M. (1987).** ***From Boy to Man, from Delinquency to Crime*****. University of Chicago Press.**
45. **Wright, J. P., & Cullen, F. T. (2001). Parental efficacy and delinquent behavior.** ***Criminology*****, 39(3), 677–705.**

ПРИЛОЗИ

Демографски податоци:

Пол:

- **Машко**
- **Женско**

Возраст:

12 години

13 години

14 години

Кое одделение си на училиште:

седмо одделение

осмо одделение

деветто одделение

Заокружи ја националноста на која им припаѓаш:

македонска националност

турска националност

Прашалник за меѓуврсничка интеракција во основните училишта

Внимателно прочитај ја секоја реченица и заокружи го исказот што одговара на тебе со заокружување на: 1 – Многу често 2 – Понекогаш 3 - Никогаш

	Многу често	Понекогаш	Никогаш
Другите деца ме расплакуваат	1	2	3
Ги задирам другите деца	1	2	3
Другите деца ги земаат моите работи кои што несакам да им ги дадам	1	2	3
Ги туркам другите деца	1	2	3
Другите деца ме гледаат на злобен начин	1	2	3
Им велам на другите деца дека ќе ги удрам или повредам	1	2	3
На одмор играм сам	1	2	3
Кажувам злобни работи за друго дете што ќе ги натера останатите деца да му се смеат	1	2	3
Другите деца ми велат дека ќе ме повредат	1	2	3
Правам другите деца да се чувствуваат тажно без причина	1	2	3
Другите деца ме задираат и тепаат	1	2	3
Ги нарекувам другите деца со погрдни имиња	1	2	3
Другите деца ме задираат	1	2	3
Злобен сум кон другите деца	1	2	3
Другите деца ме избегнуваат без причина	1	2	3
Се задирам и се тепам со другите деца	1	2	3
Другите деца прават да се чувствувам тажен	1	2	3
Се чувствувам лошо бидејќи сум злобен кон другите деца	1	2	3
Другите деца ме исмеваат	1	2	3
Сакам да останам дома од училиште бидејќи другите деца с лоши кон мене	1	2	3
На другите деца им давам погрдни надимаци	1	2	3
Другите деца ме исфрлаат од игра без причина	1	2	3

Мултидимемензионална скала за врсничко насилство

Ве молам прочитајте го секое тврдење и одредете во колкав степен тоа се однесува на тебе.

1– Никогаш, 2 -Понекогаш , 3 – Често, 4 – Многу често

	Никогаш	Понекогаш	Често	Многу често
Моите врсници....	1	2	3	4
Ме притискаат или не туркаат	1	2	3	4
Ме казнуваат и ме удираат	1	2	3	4
Намерно се удираат во мене	1	2	3	4
Фрлаат предмети кон мене	1	2	3	4
Ги земаат, ги кријат или фрлаат моите работи на под	1	2	3	4
Ме нарекуваат со злобни имиња	1	2	3	4
Ме проколнуваат	1	2	3	4
Прават шеги на мене	1	2	3	4
ме задеваат	1	2	3	4
Ме нарекуваат глупав	1	2	3	4
Ми викаат	1	2	3	4
Ме игнорираат	1	2	3	4
Се шегуваат на моја сметка	1	2	3	4
Шират невистини за мене	1	2	3	4
Се шегуваат за мојата тежина	1	2	3	4
Прават шеги за тоа дека сум паметен	1	2	3	4
Се шегуваат за моите оценки	1	2	3	4
Ме оставаат надвор или ме исфрлаат	1	2	3	4
Стават негативни коментари на моите слики, коментари или статуси (на Фејзбук, Твитер, Инстаграм)	1	2	3	4
Шитат невистини за мене преку пораки	1	2	3	4
Ги игнорираат моите пораки	1	2	3	4
Постираат срамотни видеа од мене	1	2	3	4
Прават скриншот на пораката што ја праќам и ја постираат на интернет	1	2	3	4
Се шегуваат за мојот изглед	1	2	3	4
Прават негативни коментари за мојата облека	1	2	3	4
Се шегуваат за мојот физички изглед(моите очи или мојот нос)	1	2	3	4
Ми се исмеваат за мојот јазик кој говорам	1	2	3	4
Ме избегнуваат поради бојата на кожата	1	2	3	4

Скала на перцепција на семејните односи

Во оваа скала се наоѓаат тврдења кои ги опишуваат различните односи помеѓу децата и нивните родители.

Твоја задача е внимателно да го прочиташ секое тврдење и од десната страна да го заокружиш бројот под одговорот кој најдобро го опишуват твојот однос со мајка ти , а потоа и со татко ти.

	Мојата мајка			Мојот татко		
	Неточно	Делумно точно	Точно	Неточно	Делумно точно	Точно
Не ми се извинува кога неправедно ќе постапи кон мене	1	2	3	1	2	3
Често вика на мене	1	2	3	1	2	3
Не ми покажува дали ме сака	1	2	3	1	2	3
Ми дава сигурност	1	2	3	1	2	3
Ме теши кога сум тажен/а	1	2	3	1	2	3
Ме поттикнува да зборувам за работи кои ми се важни	1	2	3	1	2	3
Ги прифаќа моите грешки	1	2	3	1	2	3
Имам чувство како да не ме приметува	1	2	3	1	2	3
Не е покрај мене кога ми е потребен, потребна	1	2	3	1	2	3
Можам да разговарам со неа/него и за интимни работи	1	2	3	1	2	3
Често кажува дека нема време да разговара со мене кога ми е потребен/потребна	1	2	3	1	2	3
Ме охрабрува да успеам и во други активности надвор од училиштето	1	2	3	1	2	3
Често ми држи,,предавања" како треба да се однесувам	1	2	3	1	2	3
Јас и мојата мајка/татко имаме искрен однос	1	2	3	1	2	3
Не го интересира/ не ја интересира кои проблеми ги имам јас	1	2	3	1	2	3
Ме омаловажува кога ќе направам нешто погрешно	1	2	3	1	2	3
Претерано ме критикува	1	2	3	1	2	3
Постојано ме испитува	1	2	3	1	2	3
Ме исмева пред другите	1	2	3	1	2	3
Ми се заканува дека ќе ми направи нешто	1	2	3	1	2	3
Кога ќе погрешам ме казнува со молчење	1	2	3	1	2	3
Ретко ме бакнува	1	2	3	1	2	3
Ретко ми се смее	1	2	3	1	2	3
Често ме уценува ако не се држам до нејзините/ неговите правила на однесување	1	2	3	1	2	3
Ме споредува со другите	1	2	3	1	2	3